РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ ГОДИНА XXX, БР. 160 (1/2026)

СТОЖЕР

dpm-pisateli.mk/stozer



30 ГОДИНИ „СТОЖЕР“ НА ДПМ!

„ИМАМЕ МНОГУ ЗА ШТО ДА СМЕ БЛАГОДАРНИ“ (79 ГОДИНИ ДПМ И ВРАЧУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ГОДИШНИ НАГРАДИ) | СТУДИЈА: КНИГАТА ЗА ДЕЦА И ИЛУСТРАЦИИТЕ КАКО ЗНАЧАЈНА КОМПОНЕНТА | „ОНА ШТО СЕ ПАМЕТИ ЖИВЕЕ (НИКОГАШ ДОКРАЈ РАСКАЖАНИ ПРИКАЗНИ)“

ISSN 1409-6005










Доделување на годишните награди на ДПМ за 2025 година и одбележување 79 години од основањето на Друштвото на писателите на Македонија.
Фотографии од Наќе Батев од 13.2.2026. г.

СОДРЖИНА

03. Пулсот на метафората време низ 79 години ДПМ
Марина Мијаковска
04. „Имаме многу за што да сме благодарни“ (Говор на претседателот по повод 79 години ДПМ)
Живко Гроздановски
05. Годишни награди на ДПМ за 2025 г.: осврти за сите дела финалисти.
12. Разговор со Ж. Кујунџиски, Џепароски, Антоновски, Аврамовска, Јовиќ-Стојковска (награди на ДПМ за 2024 г.)
Тони Димков
16. „Она што се памети живее (никогаш докрај раскажани приказни)“ - збирка раскази
18. „Темна материја“
Виолета Танчева-Златева
20. „Излегување од времето“
Сузана В. Спасовска
21. „Средби не подолги од минута, па и секунда“
Димитар Пандев
24. „Како сепија, со мастило правам место за себе...“
Живко Гроздановски
25. Кон „Куќа што танцува“ од Даим Мифтари
Линдита Ахмети
27. „Лисабон“
Драгана Евтимова
30. „Препознавање“
Ирена Јурчева
30. Кон „Ткажалки“ од Александра Јуруковска
Ерол Туфан
32. „Структура на книгата за деца...“
Ели Маказлиева
34. „Сенки на таванот“
Ана Бунтеска
35. „Бабини деветини“
Славко Јаневски
36. „Зоја од Одеса“
Марија Воденска
37. „Голи параболи“
Васо Николовски
39. In Memoriam:
Славица Гаџова Свидерска
40. In Memoriam:
Георги Сталев Поповски

Пишува: Марина Мијаковска, главен и одговорен уредник

ПУЛСОТ НА МЕТАФОРАТА ВРЕМЕ НИЗ 79 ГОДИНИ ДПМ

УДК 050.488(497.7)"1945/1950"



Периодиката е ризница на факти и верен чувар на знаењето. Во периодиката низ страниците со факти и информации вековите испишуваат историја.

Денес кога одбележуваме 79 години од постоењето на Друштвото на писателите на Македонија со право треба да се навратиме на книжевната периодична публикација „Нов ден“ што излегувала од 1945 до 1950 година. Писателите преку периодичната публикација правеле пулс низ времето и испишувале книжевна и културна историја на македонскиот народ.

Негови уредници биле: Блаже Конески, Владо Малески, Славко Јаневски, Ацо Шопов, Киро Хаџи Василев, Димитар Митрев, Коле Чашуле и други. Списанието „Нов ден“ од 1945 година било во издание на Друштвото на уметници, научници и новинари од Македонија, а во 1947 година станува орган на Друштвото на писателите на Македонија.

Во број 1-2 јануари-февруари 1947 година, во хрониката стои следниот историски факт: Писателите на Македонија основаа свое друштво.

41. In Memoriam:
Димо Наум Димчев
42. In Memoriam:
Тихомир Јанчовски
43. In Memoriam:
Ванѓелко Лозаноски
44. Хроника на ДПМ
45. Рецензија
46. Стари фотографии

„Писателите на Македонија, кои што досега имаа своја секција во заедничкото друштво на уметниците, научниците и журналистите на Македонија, се оформија во самостојно друштво, кое што е колективен член на Сојузот на писателите на Југославија. Во управата на Друштвото на писателите влегоа: претседател Блаже Конески, секретар Димитар Митрев и член Славко Јаневски. Друштвото на писателите на Македонија, покрај другото, си постави за задача да организира посета на писателите од Македонија на градилиштето на новата Младинска пруга во Шамац, Сараево, како и на другите градилишта во земјата. Друштвото исто така, на 28 февруари оваа год. приреди во Скопје литературно читање, посветено на Младинската пруга. На ова читање, беа читани творби за пругата од писателите Венко Марковски, Ацо Шопов, Славко Јаневски, Иван Точко и Лазо Каровски, а секретарот на Друштвото говореше за значењето на новата младинска пруга. Вакви читања ќе приредат во: Велес, Прилеп, Битола, Охрид и Ресен.“

Писателите дале историски белег во времето кога се градело македонското општество. Првата генерација на македонски писатели се историски фигури! Тие ги формирале првите институции од културата и образованието, учествувале низ изградбата на пругите како метафора за поставување на историскиот и културен темел на македонската култура и јазик. Овие први бардови и писатели ги објавиле првите книги на македонски јазик, биле уредници на сите важни книжевни списанија, активно ја бранувале пената на културниот живот во Македонија.

Денес, во скоро осум декади постоење на ДПМ, пулсот на метафората време добива семантичка широчина преку нови генерации македонски писатели. Како се менува времето, така се менуваат темите и правците во литературата. Семантичката длабочина на метафората време значи вечно навраќање, но и меморирање на сите писатели кои некогаш биле членови и оставиле врежан белег во sидот на осумте децении постоење.

УО на ДПМ на својата седница бр. 1-2026, одржана на 24.2.2026 г. за главен и одговорен уредник на ревијата „Стожер“ едногласно ја избра Марина Мијаковска, која досега беше членка на редакцијата. Марина Мијаковска го наследува Славчо Ковилоски и од број 160 (1/2026) ќе биде главен и одговорен уредник сè до изборот на нова уредничка редакција.

УДК 821.163.3-5

„ИМАМЕ МНОГУ ЗА ШТО ДА СМЕ БЛАГОДАРНИ“

(ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЖИВКО ГРОЗДАНОСКИ ПО ПОВОД 79 ГОДИНИ ДПМ)



Почитувани претставници од Министерството за култура и туризам, ценети лауреати на наградите на ДПМ за 2025 г., драги колешки и колеги, членки и членови на Друштвото на писателите на Македонија, почитувани новинари, соработници, гости. Пред сè, нека ни е честита годишнината – 79 години од основањето на Друштвото на писателите на Македонија. Оваа бројка не е воопшто мала, и треба да ја гледаме со должна почит: зборуваме за седумдесет и девет години организирано дејствување на писателите, пред сè во заедничката насока на уважување и промоција на нашата книжевност и култура. Ова е здружна потврда на писателската професија како еден од најстарите и најважните столбови на кои се крепи поимањето на она што отсекогаш го сметаме за култура и цивилизација. Ова се безмалку осум децении континуиран стремеж да се биде рамноправен дел од светот, да се сведочи сопствената книжевност и култура, со сета нејзина поливалентност и богатство од различности.

Нашето Друштво на писателите во минатото имало славни мигови, но имало и тешки денови, и периоди на невидливост. Но, најважно е тоа што секогаш преовладувала некаква верба во заедништвото. А денес, кога прославуваме 79 години од основањето, пригодно е да направиме мал пресек на она што го имаме. За почеток, денес имаме чисти и уредени простории, со попишан инвентар и со современа технологија, која, помеѓу другото, ни овозможува непречена поврзаност и со јавноста и со членството, независно дали тоа се наоѓа во земјата или надвор од неа.

Имаме средена правна регулатива и петнаесетина нормативни акти: имаме Статут, правилници, деловници и обрасци според кои работиме, примаме нови членови, функционираме како Управен одбор, организираме конкурси за награди и други активности.

Денес имаме склучено договори за соработка со седумнаесет книжарници, театри и други институции во Скопје и низ Македонија, и тоа е соработка која му носи поволности на членството.

Денес одржуваме активно членство во Европскиот писателски совет, а се одржува и манифестацијата „Празник на липите“, со „Книжевниот жезол“, кој нè поврзува со истакнати творци што живеат надвор од нашите граници. Минатата година, се сеќаваме, лауреатка на наградата „Книжевен жезол“ беше и српската поетеса Радмила Лазиќ. Сепак, она што наидува на најголема поддршка кај писателите, и особено кај јавноста, е тоа што ДПМ активно ја промовира нашата литература на социјалните медиуми. Од една страна, по вертикала, Фејсбук и Инстаграм страниците на ДПМ секојдневно го оживуваат ликот и делото на голем број автори што не се веќе меѓу нас, со тоа што се споделуваат нивни творби, фотографии и биографии. Од друга страна, по хоризонтала, на Фејсбук и на Инстаграм се споделуваат и извадоци од актуелното творештво на сите членови на Друштвото што конкурираат за годишните награди. Се работи, значи, за едно постојано исполнување на дигиталната сфера со нашата книжевност. Во следните денови, ќе бидат објавувани и книжевните осврти од жири-комисиите за сите седумнаесет финалисти на овогодишните награди на ДПМ.

Значи, можеме да речеме дека имаме многу за што да сме благодарни. Но, има и уште многу работа пред нас. По нашата внатрешна консолидација, пред нас пред сè останува можноста и потребата да се поврземе со слични друштва на писатели од нашиот регион, но и од светот. Пред нас, понатаму, останува потребата да се разработи дистрибуцијата на „Стожер“. Да се разработи издавачката дејност.* Да се објави нов зборник на членови, за почеток. Потоа, да се направи детален попис на богатиот книжен фонд во Друштвото. И ред други можности.

Најважно е тоа што Друштвото е живо, и активно се движи кон големиот јубилеј, 80 години од основањето, кој ќе го одбележиме следната година. Утрово, заедно со претседателката на ДЛУМ и со претседателот на ДФРМ имавме средба со министерот за култура и туризам. Работиме на тоа нашите три Друштва да добиваат годишни грантови за институционална поддршка – нешто што драматично би го подобрило функционирањето на ДПМ.

Пред да преминам на завршната поента од овој мој говор, би сакал оттука да спомнам неколку зборови за членството. На 1.6.2024 г., на Собранието на кое актуелниот УО почна со работа, ДПМ броеше 111 активни членови. Денес, ДПМ има 60 активни членови повеќе – 171 член. А еве и еден податок што укажува на потребата од обновување на членството: изминативе две години, ДПМ прими десет нови членови.** Но, од друга страна, се збогува со дванаесет колеги, некои од нив носечки столбови на нашиот книжевен дваесетти век. Соодветно е да бидат спомнати нивните имиња: Бистрица Миркуловска, Михаил Ренџов, Славка Арсова, Оливера Николова, Наум Бајо, Наум Попески, Благој Самоников, Цане Андреевски, Славица Гаџова-Свидерска, Дина Кувата (Димо Димчев), Георги Сталев Поповски и Тихомир Јанчовски. Нека им е вечен споменот!

За крај, би сакал да се потсетам на моето интервју за „Слободен печат“ од септември 2024 г. Тогаш реков дека „ДПМ може да дејствува гласно, сложно и независно“. Таквиот оптимизам тогаш беше неопходен за да може да се ревитализира Друштвото. Реалноста е дека ДПМ никогаш нема да биде сто проценти сложно – секогаш ќе постојат тензии, несогласувања. Но, како што се движиме кон нашиот голем јубилеј, битно е што сме свесни дека тие тензии не само што се дел од нашата човечка природа, туку токму благодарение на тие разминувања и на нивното надминување, ние всушност растеме – и како индивидуи и како колектив. И така со нас растат и нашите потомци, со нас растат и нашите претци. За многу години!

---

* Кај издавачката дејност на ДПМ, важно е да се спомене објавата на „Она што се памети живее (Никогаш докрај раскажани приказни)“ (2025) збирка раскази од 21 автор, како исход од рубриката „Амаркорд“ на ДПМ.

** Нови членови на ДПМ од 2024 до 2026 г.: Митко Гогов, Искра Донева, Симона Јованоска, Хана Корнети, Милчо Мисоски, Атанас Бојароски, Драгана Лукан Николоски, Лулзим Хазири, Лидија Давидовска и Ива Дамјановски



УДК 061.2:82(497.7)]:06.05"2025"

ВРАЧЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ГОДИШНИ НАГРАДИ НА ДПМ ЗА 2025 ГОДИНА

Со врачување на годишните награди за 2025 година на 13 февруари Друштвото на писателите на Македонија одбележа 79 години од основањето со свеченост посветена на годинашните лауреати. Добитници на традиционалните годишни награди на ДПМ за 2025 година се: Оливера Корвезироска, Бранко Цветкоски, Хана Корнети, Елизабета Шелева и Ахмет Селмани. На конкурсот за наградите на ДПМ за 2025 година беа пријавени вкупно 53 дела ...вкупно 53 дела: за „Стале Попов“ беа пријавени 17 прозни дела, за „Ацо Шопов“ - 16 поетски збирки, за „Ванчо Николески“ - 13 книги за деца и млади. За наградата „Димитар Митрев“ оваа година беа пријавени само четири книги, кои веднаш се најдоа во финалниот круг. Најпосле, за наградата „Мост“ беа пријавени три дела. Поради израмнет број бодови, во финалниот круг за наградата „Стале Попов“ влегоа четири дела.

Исто како и при организацијата на конкурсот за традиционалните годишни награди на ДПМ за 2024, така и оваа година на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм секојдневно беа објавувани извадоци од сите дела пријавени на конкурсот, нешто што е од голема важност за промоцијата на делата и наиде на огромна поддршка од книжевната заедница и во јавноста.

Наградените дела, во согласност со Правилникот за избор на годишните награди на ДПМ, и оваа година беа избрани во три фази: прво беа избрани делата што влегоа во полуфиналето, а потоа и финалистите. Најпосле, тричлените жири-комисии ги избраа и добитничките дела.

На следните шест страници од овој број на „Стожер“ можете да ги прочитате сите осврти на жири-комисиите за секое од делата.

„ТРИ МАРИИ“ ОД ОЛИВЕРА ЌОРВЕЗИРОСКА – НАГРАДА „СТАЛЕ ПОПОВ“ ЗА 2025 Г.

„Стале Попов“ за 2025 г. – Образложение на жири-комисијата: Соња Стојменска-Елзесер (претседателка), Снежана-Младеновска-Анѓелков, Давор Стојановски



Романот „Три Марии“ од Оливера Ќорвезиоска е проза што ја преиспитува комплексноста на љубовта, движечката енергија на животот. Три Марии, три женски судбини, три свадби: една селска, во Карабичане; една во нудистички камп на Јадранскиот брег, и една во луксузен скопски хотел. Свадби кои водат кон трагични љубовни разврски, од кои излезот се бара во изнајмување на еден ист стан во скопската населба Капиштец. На што се темели љубовта и дали е возможна љубов без болка, е клучната идеја околу која се плетат трите поединечни приказни.

Авторката го нарекува својот роман - басма, односно магична формула, мантра; како да сака со раскажаните приказни да ги исцели раните и болките што љубовта може да ги носи, да ги избрка злите духови што ги поткопуваат примордијалните копнежи за остварена, среќна љубов. Ќорвезироска, доследна на својата веќе обликувана прозна поетика, текстот го гради со раскошен арсенал на загадочни мотиви и симболи (китење младоженец, веленце, отсечена рака, мавиле), ги лови согласјата и поклопувањата меѓу имињата, локациите и случките, си поигрува со нагласена интертекстуалност (со сопсвените претходни дела, со делата на босанскиот автор Фјодор Федчешин Феѓа, и особено креативно со филмот на аргентинскиот режисер и сценарист Дамијан Шифрон) и плете заводлива проза која длаби во енигмата на љубовната емоција (odi et amo!), односно во патолошките нијанси на односите меѓу партнерите (трауматски, мазохистички, опсесивни, љубоморни, прељубнички и сл.).

Романот „Три Марии“ посебно се издвојува од годинешнава прозна продукција со стилската перфекција и со раскрилувањето на потенцијалите на јазикот, кој под перото на Ќорвезироска понира во замрсените емотивни јазли на женските ликови и во сите три приказни се реализира со посебна наративна техника: раскажување во трето лице, во јас-форма и во облик на обраќање. Интересен е и провоцираниот култ кон засведоченост на раскажаното со употреба на проверливи реалии, но истовремено и изместување на оптиката со соништа, визии и зачудни елементи. Реминисценцијата на македонскиот книжевен класик Славко Јаневски, која го интригира читателското очекување уште од самиот наслов, има функција да укаже на вкоренетоста на творештвото на авторката во богатата традиција на македонската проза. Паралелно со тоа, целиот роман дише со доверба во можностите на македонскиот јазик, кој при вешти раскажувања/баења се стекнува со магична/естетска моќ и им парира и на најсуптилните филмски кадри, како што потврдува третиот дел од романот, за кој може да се рече дека претставува сугестивна адаптација на визуелниот медиум во литература.

„Три Марии“ е вешто исткаено четиво кое под површината загатнува безброј отворени и веројатно никогаш до крај објасниви прашања за љубовта, сексуалноста, партнерството, семејството, страстите и емоциите... Роман за љубовта, но не љубовен, туку психолошко-аналитичен; роман за изборите во животот, за жртвите и надежите, за копнежите по среќа...

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА КНИГИТЕ ВО ПОТЕСЕН ИЗБОР ЗА НАГРАДАТА „СТАЛЕ ПОПОВ“.

„11 проверени начини како да ја заебеш љубовта“ од Драгана Лукан Николоски

Драгана Лукан Николовски, како авторка со искуство во доменот на драмски текстови и сценарија, понудува прозен текст кој обединува единаесет раскази од кои првиот и последниот се комплементарни, а оние помеѓу нив ги поврзуваат ликовите кои се смислено роднински и/или пријателски поврзани. Се разбира, основно лепило за кохерентноста на „романот во раскази“, како што во поднасловот е определена оваа книга, е идејната оска – потрагата по она што може да ја уништи љубовта. Па така се нижат: изневерата поради илузија, родовите, етничките и патријархалните предрасуди, љубомората, егоизмот и зависта, таењето на чувствата, користољубивоста и сл. Прозните сегменти се одликуваат со потенцирана сценичност, дијалог и дејствие, со исклучок на две парчиња кои се приближуваат до тек на свест, а всушност се доследно обликувани монолози („Алгоритам“, „Моето име е Ајтан“). Текстот е динамичен, искричав и со функционалност на употребените детали, така што лесно комуницира со читател. Јазикот е колоквијален и ги доловува суптилните замки на современото живеење.

„Кривата Дијана“ од Фросина Пармаковска

Во самиот поднаслов на романот „Кривата Дијана“ од Фросина Пармаковска е прецизиран тематско-идејниот стожер на приказната. Тоа е „верижната вина“, односно преплетот на личната и колективната вина и мултипликацијата на неискајаните, непростените и неказнетите гревови. Романот има класична структура со централен лик-наратор и е организиран во три дела и епилог. Приказната е нагласено ангажирана, директно втурната во општествените аномалии на современиот миг, така што читателот лесно препознава алузии на реалните трауматични искуства од нашето опкружување во последниве неколку години. Романот е силно обележан со принципите на христијанската етика.

„Арагон“ од Михајло Свидерски

Романот на Михајло Свидерски „Арагон“ е мозаичен албум за животот на сефардските Евреи во Битола во периодот пред и за време на нивната депортација во логорите на смртта. Има три дела во кои составните парчиња носат наслови според името на некој од 17-те опфатени ликови. Запознавајќи го читателот со насловните ликови, авторот изложува неколку трауматични приказни од животот во еврејското маало, кои меѓусебно се преплетуваат. Низ раскажувањето се препознава студиозно познавање на еврејската традиција и обичаи, на моменти поткрепено и со историографски податоци. Проследувајќи ја трагедијата на депортацијата на Евреите од Битола во текот на Втората светска војна, авторот го поставува прашањето дали потеклото ја детерминира судбината на луѓето во мрачните воени времиња?! Ова е приказна за силата на човечкиот дух, среќата и надежта, идентитетот на луѓето во одредено време и простор, согледани во крупен план.

„ВООБРАЗБИ: ЛИРСКИ ЕТИДИ ЗА НЕКОЈ ДРУГ СВЕТ“ ОД БРАНКО ЦВЕТКОСКИ – НАГРАДА „АЦО ШОПОВ“ ЗА 2025 Г.

„Ацо Шопов“ за 2025 г. – Образложение на жири-комисијата: Иван Џепароски (претседател), Ристо Василески, Милован Стефановски (членови)



Наградата „Ацо Шопов“ за најдобра поетска збирка ја доби книгата „Вообразби (лирски етиди за некој друг свет)“ од Бранко Цветкоски („Макавеј“). Оваа одлука едногласно ја донесе жири-комисијата во состав: Иван Џепароски (претседател), Ристо Василевски и Милован Стефановски (членови). Со оваа своја книга, Бранко Цветкоски кон својот суптилен и тивок „молитвен веј“ на зборовите, познат од неговите претходни стихозбирки, придодава и една нова димензија на сопствената поезија, онаа на суверената имагинативност, односно на „вообразбата“ или на „фантазмата“, која станува врвен принцип за сите можни светови, и за овој земниов и за оној небесниот.Метафизичкиот строеж на спокојните стихови на Цветкоски пленува со својата продлабоченост, префинетост и музикалност, покажувајќи ни по којзнае кој пат дека вистинската и врвна лирска поезија умее да нè вознесе и да нè оттргне од баналноста и од тривијалноста на неосмисленото живеење, но и дека со својата автентичност на доживувањето на светот поетот може да ја оствари и толку посакуваната хармонија меѓу мислењето и пеењето. „Вообразби: лирски етиди за некој друг свет“, несомнено, суверено го остваруваат овој врвен поетски стремеж – образложи жирито. Поетската продукција на членовите на ДПМ кои учествуваа на конкурсот за наградата „Ацо Шопов“ е обемна и забележливо разновидна. Безмалку сите пристигнати книги на конкурсот претставуваат солидни поетски остварувања, што сè заедно говори за високата квалитативна поетска продукција во 2025 година. Во тој контекст, покрај трите стихозбирки на авторите Владимир Мартиновски, Ана Пејчинова и Бранко Цветковски, кои влегоа во најтесниот круг за доделување на наградата, треба да се истакнат и оние книги кои влегоа во потесниот избор за наградата, имено книгите на авторите: Даниела Андоновска-Трајковска, Елизабета Бандиловска, Зоран Пејковски и Братислав Ташковски.

Сите овие стихозбирки, со својата различна мотивско-тематска насоченост, но и според формата (од лирски минијатури и хаику песни, до сонети, псалми и песни во проза), го претставуваат современиот миг на македонската поезија која, евидентно, остварува сè поуспешни поетски пројави. Разновидноста и различноста се белег на овие дела, а кон поетските светови на веќе афирмираните и докажани македонски поети и поетеси се приклучуваат и некои нови поетски имиња од кои во иднина треба да се очекуваат уште позначајни поетски остварувања.

Кога станува, пак, збор за трите дела кои влегоа во „финалето“ треба да се истакне дека книгата на Владимир Мартиновски „Часови без часовник: сонетен венец“, и на планот на формата и на планот на содржината, претставува мошне успешно поетско остварување во кое безвремено царуваат моќни поетски слики придружени со силни визуелни проблесоци. Кохерентноста и цврстата архитектоника на сонетите на Мартиновски се проткајува и со една лесна игривост која на стиховите од оваа книга ѝ ја даваат, наспроти масивноста и тежината на сонетната форма, и онаа толку потребна леснотија на врвната музикалност изразена со помош на зборовите. Мошне наградуван за своите претходни стихозбирки, со оваа своја најнова поетска книга Мартиновски сè поуспешно го исцртува своето значајно присуство во рамките на современата македонска поезија.

Од друга страна, по дведецениското отсуство од поетската сцена, Ана Пејчинова, авторката која на своите почетоци објави неколку значајни и наградени поетски дела, сега, со својата книга „Чувари на малите нешта“ (избор од необјавени поетски стихови напишани во периодот 2002-2025 година) ни покажува дека нејзината поезија е лирски продлабочена и особено облагородена од животното и од поетското искуство кое станува иманентен дел на нејзината поезија. На тој начин нејзиниот отворен поетски табернакул на „малите нешта“, понадворешнувајќи ја силината на внатрешниот увид, станува место за поетски медитации и понирања во големата едноставност на постоењето.

Сепак, и покрај несомнениот и особен дострел на книгите на Мартиновски и на Пејчинова, комисијата, по опсежната дискусија и врз основа на взаемно споделеното мислење, дојде до **едногласна** одлука наградата „Ацо Шопов“ да му ја додели на авторот **Бранко Цветкоски** за книгата **„Вообразби: лирски етиди за некој друг свет“** во издание на книгоиздателството „Макавеј“ од Скопје.

Со оваа своја книга, Бранко Цветкоски кон својот суптилен и тивок „молитвен веј“ на зборовите, познат од неговите претходни стихозбирки, придодава и една нова димензија на сопствената поезија, онаа на суверената имагинативност, односно на „вообразбата“ или на „фантазмата“, која станува врвен принцип за сите можни светови, и за овој земниов и за оној небесниот. Метафизичкиот строеж на спокојните стихови на Цветкоски пленува со својата продлабоченост, префинетост и музикалност, покажувајќи ни по којзнае кој пат дека вистинската и врвна лирска поезија умее да нè вознесе и да нè отргне од баналноста и од тривијалноста на неосмисленото живеење, но и дека со својата автентичност на доживувањето на светот поетот може да ја оствари и толку посакуваната хармонија меѓу мислењето и пеењето. „Вообразби: лирски етиди за некој друг свет“, несомнено, суверено го остваруваат овој врвен поетски стремеж.

„ИЛИНА И ТАЈНИТЕ НА БАБИН ЗАБ“ ОД ХАНА КОРНЕТИ – НАГРАДА „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ ЗА 2025 Г.

„Ванчо Николески“ за 2025 г. – Образложение на жири-комисијата: Симона Јованоска (претседателка), Искра Донева, Ванчо Полазаревски (членови)

Наградата „Ванчо Николески“ за најдобра книга за деца и млади ја доби „Илина и тајните на Бабин Заб“ од Хана Корнети („Или-или“). За оваа награда едногласно одлучи комисијата во состав: Симона Јованоска (претседателка), Искра Донева и Ванчо Полазарески (членови). Победничката книга „Илина и тајните на Бабин Заб“, е продолжение на успешната серија за авантурите на Илина, девојче кое низ приказната се соочува со комплексноста на детството, растењето, волшепството и самоспознавањето. Корнети создава двојни светови – обичниот, секојдневниот, светот на Илина на училиште меѓу своите другари и врсници, како и волшебниот, каде Илина учи мудрост, храброст и способност за носење на одлуки. Хана Корнети успева да балансира помеѓу забавата и едукативната вредност на текстот, нудејќи на младите читатели свет кој е магичен, но и релевантен за реалниот живот. Книгата ги промовира вредностите на пријателството, емпатијата и самоспознанието, а истовремено ги поттикнува читателите на критичко размислување и длабоко фантазирање. Победата на „Илина и тајните на Бабин Заб“ ја потврдува значајната улога на Хана Корнети во современата литература за деца и млади, како авторка која умешно создава текстови што се истовремено интригантни, оригинални, вредносни и книжевно извонредни – стои во образложението. Победничката книга на ДПМ за 2025 година, „Илина и тајните на Бабин Заб“, е продолжение на успешната серија за авантурите на Илина, девојче кое низ приказната се соочува со комплексноста на детството, растењето, волшебството и самоспознавањето. Корнети создава двојни светови – обичниот, секојдневниот, светот на Илина на училиште меѓу своите другари и врсници, како и волшебниот, каде Илина учи мудрост, храброст и способност за носење на одлуки.



Особено впечатлив е начинот на кој авторката ги продлабочува карактерите на ликовите. Илина не е идеализирана хероина, туку реално и човечки прикажан лик со стравови, надежи и желби, девојче што ја сака музиката и преку неа комуницира со блиските, но и со светот. Волшебните елементи не се само декор, туку инструмент за развој на ликот, за интерпретација на животните предизвици и за учење на морални лекции. Секоја ситуација во која се наоѓа Илина е внимателно конструирана, комбинирајќи авантура, хумор и емоционална длабочина, што ја прави приказната ангажирачка и инспиративна за читателите, без притоа да звучи како нешто да им наметнува.

Хана Корнети успева да балансира помеѓу забавата и едукативната вредност на текстот, нудејќи на младите читатели свет кој е магичен, но и релевантен за реалниот живот. Книгата ги промовира вредностите на пријателството, емпатијата и самопознанието, а истовремено ги поттикнува читателите на критичко размислување и длабоко фантазирање. Победата на „Илина и тајните на Бабин Заб“ ја потврдува значајната улога на Хана Корнети во современата литература за деца и млади, како авторка која умешно создава текстови што се истовремено интригантни, оригинални, вредносни и книжевно извонредни.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА КНИГИТЕ ВО ПОТЕСЕН ИЗБОР ЗА НАГРАДАТА „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“

Книгата „Тринаесеттиот“ на авторката Лидија Димковска претставува значајно остварување во современата литература за млади, кое ги спојува реалното и фантастичното на начин што го привлекува вниманието на читателите уште од првата страница. Димковска создава свет кој е богат со детали и атмосфера, каде детската љубопитност се поттикнува низ секоја страница, преку прашања поврзани за неправдите, осаменоста, фамилијарните односи, но и радоста, хуморот и љубовта меѓу луѓето. Романот внимателно ја следи динамиката на секојдневието раскажана преку ликовите на дванаесетте месеци, овозможувајќи им на читателите да се идентификуваат со нивните искуства, дилеми и емоции.„Тринаесеттиот“ истовремено ги истражува комплексностите на времето во кое живееме денес, дигитализацијата, чувството на припадност, семејните врски и барањето на сопствената припадност. Преку современ и прецизен стил, Димковска интегрира социјални и морални теми без да ги прави поучни или наметливи, што ја прави книгата вредно и релевантно четиво за младите читатели, но и за возрасните кои ги следат нивните искуства.

„Џинџуџе“ е современа бајка која на оригинален начин ја спојува фантазијата со урбаната реалност. Лафазановски ја раскажува приказната за еден џин и едно џуџе – деца кои се на прв поглед спротивни, но сепак длабоко поврзани, и преку нивните авантури во Скопје се разгледува темата за рамнотежата помеѓу доброто и злото. Авторот создава жив и експресивен наратив исполнет со хумор, забава и суптилна филозофија за значењето на среќата, при што малите детали, како врапчињата во „Сити мол“, добиваат поголемо, симболичко значење. Ермис Лафазановски успева да создаде свет кој е возбудлив, магичен и морално значаен, со повеќеслојни значења кои ги ангажираат читателите од различни возрасти. Книгата е пример за литература што спојува урбана современост, бајковитост и филозофски размислувања, при што хуморот и авантурата ја прават достапна и забавна за младата публика.



„КНИЖЕВНИ СОЗВУЧЈА И ОГЛЕДАЛА“ НА ЕЛИЗАБЕТА ШЕЛЕВА – НАГРАДА „ДИМИТАР МИТРЕВ“ ЗА 2025 Г.

„Димитар Митрев“ за 2025 г. – Образложение на жири-комисијата: Наташа Аврамовска (претседателка), Анастасија Ѓурчинова, Ангелина Бановиќ-Марковска



Наградата „Димитар Митрев“ за најдобра книга критика или есеистика ја доби книжевно-критичкото дело „Книжевни созвучја и огледала“ од Елизабета Шелева („Сивејан“). Наградата едногласно ја додели жири-комисијата во состав: Наташа Аврамовска (претседателка), Анастасија Ѓурчинова и Ангелина Бановиќ-Марковска (членови). Книгата ја чинат дваесет и три студии и соопштенија. Првиот дел на книгата, „Споредбени студии и истражувања“, е во битна смисла стожерен, составен од единаесет компаративистички проследувања. Она што им е заедничко како структура на промислувањето на студиите во овој прв дел од книгата е тоа што исходишниот фокус врз одредено дело или авторски опус секогаш одново, во одделните студии, се разгледува во дослух и со дела на други автори од други културни средини, напишани на други јазици, а притоа, секако, врз креативното и умешно изнајдено начело на нивната сродност. Вториот дел од книгата го чинат беседи и слова со кои авторката во текот на изминатите години се огласува во однос на значајни книжевни настани, та низ автентична критичка визура проследува значајни, „канонски“ дела и опуси. Третиот дел на книгата, „Интермедијални љубопитства и релации“, доминантно го чинат текстови испишани во настојувањето за интермедијално промислување на уметноста, односно, уметностите – образложи жирито. Книгата „Книжевни созвучја и огледала“ на Елизабета Шелева (Скопје: Сивејан, 2025), ја чинат дваесет и три студии и соопштенија. Првиот дел на книгата, „Споредбени студии и истражувања“, е во битна смисла стожерен, составен од единаесет компаративистички проследувања. Она што им е заедничко како структура на промислувањето на студиите во овој прв дел од книгата е тоа што исходишниот фокус врз одредено дело или авторски опус секогаш одново, во одделните студии, се разгледува во дослух и со дела на други автори од други културни средини, напишани на други јазици, а притоа, секако, врз креативното и умешно изнајдено начело на нивната сродност. Она што е ненаметливо, но консеквентно присутно во овие студии е проследувањето на транснационалните аспекти на современата книжевна продукција. Притоа,

во контекстот на надминувањето и контаминацијата на „границите“, одделни текстови го загатнуваат ова прашање и низ призмата на жанрот. Вториот дел од книгата го чинат беседи и слова со кои авторката во текот на изминатите години се огласува во однос на значајни книжевни настани, та низ автентична критичка визура проследува значајни, „канонски“ дела и опуси. Третиот дел на книгата, „Интермедијални љубопитства и релации“, доминантно го чинат текстови испишани во настојувањето за интермедијално промислување на уметноста, односно, уметностите. Тука се вброени и теми и аспекти на културолошкото промислување на книжевната сцена, но и на доминантниот миг на културата воопшто, на Знаењето во тој контекст, та во оваа смисла крајот на книгата и самиот вдахновено ги пренебрегнува и контаминира границите на жанрот на книжевно-критичката промисла.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА КНИГИТЕ ВО ПОТЕСЕН ИЗБОР ЗА НАГРАДАТА „ДИМИТАР МИТРЕВ“

Книгата „Филмско око“ на Игор Ангелков (2025, Скопје: Или-Или), ја проследува продукцијата на седмата уметност во текот на последните неколку години. Претставува критичка хроника на дадениот период на македонскиот, европскиот и американскиот филм. Македонската филмска продукција е проследена низ аспектите на нејзината рецепција на светските фестивали и на домашната сцена, потем тематски и во контекст на режисерските авторски опуси, засегајќи битни аспекти на мултимемдијалната уметност. Проследувањето на европскиот филм вклучува филмови од балканската и западноевропската продукција издвоени како значајни остварувања, додека американската филмска продукција е проследена главно низ неколку значајни мегаспектакли. Критичкото перо на упатениот и пасиониран проследувач Ангелков го контекстуализира делото во опусот на авторот толкувајќи ги авторските интенции на режисерот во и со дадениот филм, а напати, уметничките аспекти на филмот настојува да му ги долови на читателот осведочувајќи го нивниот учинок и во сопствената доживелица. Вклучува и хроника на неколку европски филмски фестивали (на документарниот, детски и др. филм), со акцент врз значајни филмски остварувања. Завршните два диптиха се осврнуваат на музичкиот аспект на филмската уметност и на два јубилеи на значајни конематографски остварувања. Критичкиот стил е питок, занимлив и лежерен во ползувањето на стилското разнообразие, вклучително и на сленгот, што хроничарски осмислената книга, во спрега со економичноста на изразот, ја чини занимливо и напати возбудливо четиво за проследувачите на седмата уметност.

Книгата „Час по незадолжителна лектира“ на Весна Мојсова-Чепишевска, своевиден читателски дневник, е всушност збирка од дванаесет дневнички записи на авторката за исчитани романи од домашната книжевна продукција во текот на последниве неколку години, поточно во интервалот од 2020 до 2024 година. Таа е замислена како предлог за своевидно алтернативно критичко писмо, во време кога постепено исчезнува просторот за дневна или новинска книжевна критика, така што и овие записи претходно биле објавувани пред сè во дигиталниот простор, на е-платформата „Лектира“. Станува збор за книга на впечатоци, емоции, „на насмевки и на солзи“, во која четивата се дополнети и со соодветен музички и филмски контрапункт. Целта на авторката е да ги претстави своите најнепосредни читателски импресии, но факт е дека се тие сепак проникнати и со нејзиниот искусен критичарски усет, честопати поткрепен и со цитати од други критичари и рецензенти, водејќи на крајот и кон неизбежен вредносен суд за прочитаните текстови. Ова непретенциозно и игриво есеистичко писмо, збогатено и со список на омилени цитати од прочитаните книги, лесно ќе си го најде патот до широката читателска публика, како водич или патоказ до најновата македонска романсиерска продукција.

Книгата „Враќањето на Орфеј: орфејска и орфичка поезија“ на Сузана В. Спасовска (Полица, Скопје, 2025), е сериозен, комплексен и богат монографски труд кој покрај аналитичката строгост карактеристична за една книжевно-теориска интерпретација, се одликува и со критичко-есеистичка слобода во изразот и стилот. Посветена на трансформациите на орфејската и орфичката поезија, таа го следи Орфеј како архетип на поетот, посредник меѓу световите, и низ една мошне инвентивна компаративно-херменевтичка анализа ја открива неговата семантичка еволуција во различни културно-историски парадигми. Од античкиот митолошки и ритуален контекст, преку балканската народна лирика и средновековниот христијански канон, до поетските артикулации на модерната и современата европска поезија, Сузана В. Спасовска го чита орфејскиот модел не само како континуиран поетски код, туку и како богата духовна матрица, широко застапена во современата македонска поезија. Поврзувајќи различни епохи, традиции и јазици во жива, непрекината линија на поетското искуство, книгата на Спасовска отвора простор за нови критички интерпретации и толкувања во македонската книжевна и културна средина.



EMBSUAME PASKAJORE - („ИНФИНИТИВНА ПОУКА“) ОД АХМЕТ СЕЛМАНИ – НАГРАДАТА „МОСТ“ ЗА 2025 Г.

„Мост“ за 2025 г. – Образложение на жири-комисијата: Делвина Крлуку (претседателка), Олег Дементиенко, Гордана Јовиќ-Стојковска



Добитник на наградата „Мост“ на ДПМ, за најдобра книга напишана на јазик што го зборуваат членови на заедниците во Македонија, е збирката песни „Инфинитивна поука“ од Ахмет Селмани („Академска книга“). Одлуката едногласно ја донесе жири-комисијата во состав: Делвина Крлуку (претседателка), Олег Дементиенко и Гордана Јовиќ Стојковска (членови). Понуденото поетско дело (во избор и превод на авторот) претставува концептуално заокружен циклус во кој инфинитивот функционира како централна поетска и филозофска тема. Инфинитивот не е само тематска нишка, туку формална, филозофска и етичка рамка што ги држи сите текстови заедно; не е во функција на граматичка форма, туку се развива во егзистенцијална состојба и етички принцип преку кој се преиспитуваат вредносните единици: љубовта, одговорноста, страдањето, моќта и човечката позиција во светот.

Сите песни се поврзани во јасна и цврста целина што овозможува поезијата да се чита не како збир на одделни текстови, туку како единствено поетско движење со внатрешна логика и постепено отворање простор за продлабочување – стои во образложението. Embsuame Paskajore - („Инфинитивна поука“) од Ахмет Селмани („Академска мисла“, 2025) Понуденото поетско дело (во избор и превод на авторот) претставува концептуално заокружен циклус во кој инфинитивот функционира како централна поетска и филозофска. Инфинитивот не е само тематска нишка, туку формална, филозофска и етичка рамка што ги држи сите текстови заедно; не е во функција на граматичка форма, туку се развива во егзистенцијална состојба и етички принцип преку кој се преиспитуваат вредносните единици: љубовта, одговорноста, страдањето, моќта и човечката позиција во светот. Сите песни се поврзани во јасна и цврста целина што овозможува поезијата да се чита не како збир на одделни текстови, туку како единствено поетско движење со внатрешна логика и постепено отворање простор за продлабочување. Поетиката се одликува со јазична економичност, јасна метафорика и силна етичка насоченост. Наместо декоративност, текстовите се потпираат на функционална густина и повторувачки мотиви што создаваат ритам со препознатлив авторски глас. Поезијата се издвојува по својата концептуална дисциплина и тематска кохерентност, што ја позиционира како современ поетски проект со јасен идентитет. Не е втемелена на биографска исповед, туку на универзални прашања, што насочува кон трајна вредност и можност за комуникација надвор од локален или моментален контекст. Во таа смисла, поетската книга претставува дел од современата поетска продукција и отвора простор за понатамошен дијалог во рамките на книжевната критика и читателската јавност. Причините за избор на оваа поетска книга се повеќеслојни и се однесуваат токму на она што е најважно за еден сериозен книжевен зафат: концепт, кохерентност, препознатливост и долгорочна вредност.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА КНИГИТЕ ВО ПОТЕСЕН ИЗБОР ЗА НАГРАДАТА „МОСТ“

Atdheu: burrë pa grua – Татковината : маж без жена од Каљош Челику („Сојуз на писатели Албанци на Македонија“, 2025)

Овие песни се движат во јасно препознатлива боемска, бунтовна и урбано-егзистенцијална поетика, во која личното искуство, историската меморија и поетската самосвест се испреплетуваат без обид за стилистичко „полирање“. Текстовите делуваат како фрагменти од живот што не сака да биде среден, ниту морално објаснет, туку сведочен во својата суровост, иронија и ранливост. Ова е поезија што не се труди да биде убава, туку искрена, и токму во таа намера лежи нејзината главна сила.

Во целина, овие песни претставуваат силна, автентична и животно натопена поезија, која црпи од боемската традиција, политичката маргина и интимната исповед. Нејзините најголеми вредности се искреноста, конкретноста и храброста да се именуваат сопствените слабости, стравови и желби. Слабостите се јавуваат во нерамномерноста на формата и повремената фрагментарност што може да го наруши ритамот на читање, но тие слабости повеќе делуваат како последица на животниот материјал отколку како поетска немоќ.

Pronicanje tišine – „Проникнување на тишината“ од Љерка Тот Наумова („Академска мисла“, 2025)

Овој поетски корпус се движи во простор на тишина, молитва, сеќавање и минливост, при што доминантниот тон е созерцателен, смирен и јасно насочен кон духовна интроспекција. За разлика од претходниот циклус со силна концептуална рамка, овде поезијата функционира повеќе како збир на медитативни состојби, поврзани преку мотивите на тишината, времето, љубовта и верата. Текстовите не се стремат кон конфликт или драматичен исказ, туку кон внатрешно расчистување и прифаќање, што им дава специфична мекост и молитвен карактер.

Во целина, понудената поезија покажува јасна духовна ориентација, емоционална искреност и развиено чувство за атмосфера. Нејзините најсилни страни се медитативниот тон, тишината како активен мотив и способноста за создавање мирна, созерцателна поетска средина. Слабостите се појавуваат таму каде што поезијата преминува во проповед, декларација или прекумерна метафоричност, со што се намалува поетската напнатост и отвореност.



Интервју

УДК 061.2:82(497.7)]:06.05"2024"

КНИЖЕВНИ ПРИЗНАНИЈА КОИ ИМААТ ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ, ПОДДРШКА И ОХРАБРУВАЊЕ

Тони Димков

Свечено и достоинствено, Друштвото на писателите на Македонија (ДПМ) на 13 февруари 2025 година во своите простории ги врачи традиционалните годишни награди за 2024 година и истовремено одбележа 78 години од своето основање.

Годишните награди на ДПМ за 2024 година ги добија дела што се издвојуваат со своите книжевни вредности. Наградата „Стале Попов“ на ДПМ за најдобро прозно остварување во 2024 година ја доби книгата со наслов „Приказничар“ на Жарко Кујунџиски („Антолог“). Книжевната награда „Стале Попов“ на ДПМ во книжевната фела зазема значајно место и дава силен поттик за континуиран развој на романот како жанр.



- Книжевната награда „Стале Попов“ има особено значајно место во македонскиот книжевен пејзаж, затоа што претставува едно од ретките признанија насочени кон прозата како книжевен вид, а не го супституира или фаворизира ниту еден од одделните книжевни жанри (роман, расказ, микрофикција, песна во проза, итн.). Таа не само што го вреднува континуитетот и зрелоста во прозното творештво на годишно рамниште, туку и создава обврска кај писателите постојано да го надградуваат својот израз, теми, стилски особености и наративни постапки. Како награда што ја доделува најстарата писателска асоцијација во земјата - ДПМ, а претставувано преку жири-комисија, исто така составена од членови писатели, носи и автентичност и кредибилитет, а со тоа и силен поттик за развој на современата македонска проза – истакнува добитникот на наградата Жарко Кујунџиски.



Стихозбирката „Посвети и пофалби“ на Иван Џепароски („Дијалог“) ја доби наградата „Ацо Шопов“ на ДПМ за најдобра збирка поезија во 2024 година.

- Повеќе е од јасно дека наградата „Ацо Шопов“ на ДПМ (заедно со наградата „Браќа Миладиновци“ на СВП) е една од двете наши највисоки и најзначајни награди за најдобра поетска книга во тековната година. Овој факт доволно јасно говори за значењето на оваа награда за сите членови на ДПМ кои поезијата ја сметаат за свој доминантен книжевен жанр и кои на поезијата ѝ го посветуваат своето книжевно дело. Од друга страна, сознанието дека наградата го носи името на нашиот книжевен великан Ацо Шопов, кој не само што е еден од основачите на ДПМ, туку е и авторот на првата објавена поетска

книга во слободна Македонија, уште повеќе го истакнува значењето на Ацо Шопов не само за нашето друштво на писатели, туку и за севкупната македонска книжевност и култура – посочува добитникот на наградата Иван Џепароски.



Книгата „Бакнежи на небото“ на Иван Антоновски („Светулка“) е добитник на наградата „Ванчо Николески“ на ДПМ за најдобра книга за деца и млади во 2024 година.

- Треба да се има предвид дека наградата „Ванчо Николески“ не само што го носи името на еден од основоположниците на современата македонска книжевност за деца и не само што има најголема традиција, туку во моментов е и единствената годишна награда за објавена книга за деца и млади во Македонија. Неспорно, имаше обиди за востановување и на други награди, но забележливо е дека тие не го одржаа континуитетот или, пак, едноставно, не се доделуваат, иако бројноста на книгите за деца од македонски автори станува сè поголема. Сепак, треба да се има предвид дека во конкуренција можат да се најдат само книги на членови на ДПМ, додека голем дел од поактивните автори на актуелната продукција на книги за деца и млади, особено од поновите генерации писатели, не се членови на ДПМ, што не е случај и со бардовите на македонската книжевност за деца со активен опус. Оттука, и покрај хиперпродукцијата на македонски книги за деца (а значајно помалку и за млади, бидејќи се чувствува голем недостиг на македонска книжевност за тинејџерската публика), кога повеќе од потребен ни е релевантен критички суд, и покрај сите настојувања, за жал, наградата „Ванчо Николески“ не може да е целосен, едновремен – критички, односно вреднесен „филтер“ за севкупната продукција, за сите нови трендови и поетики, и за новите остварувања на етаблираните писатели за деца што со децении творат за најискрената публика со најстрог суд. А во овој период, токму заради хиперпродукцијата, сè понагласена е потребата од темелен прочит и критички суд што ќе биде релевантен и за заинтересираниот аудиториум – особено родителите што „бомбардирани“ со нови наслови, промотивни рецензии и маркетинг, објективно се прашуваат: „Што да му читам на / што да чита моето дете?“ Следствено, голем е товарот и предизвикот за книжевната критика, надвор од промотивните настани – да ја следи и соодветно да ја коментира актуелната книжевна продукција, а тоа подразбира и соодветен простор за објави на вакви рецензии / критики, во формат што ќе допре и до поширокиот аудиториум, а не само до стручната јавност. Неминовно, очигледно е дека и надвор од ДПМ треба да се посвети поголемо внимание на оваа награда, особено на наградените книги, вклучително и во меѓународните претставувања на македонската книжевна сцена. Очигледно треба да се посвети внимание оваа награда да биде земена предвид од повеќе чинители на нашата културна, општествена, па и политичка стварност, за да се посвети и поголемо внимание и на наградените книги и на оние што влегле во најтесен избор. Но, и да се размислува како понатаму самата награда ќе се стави во функција на афирмација на книгите, за да не се случува „краткорочна актуелност“. Од друга страна, во период на хиперпродукција, парадоксално е и натаму бројот на книгите во конкуренција да е мал, што, пак, упатува дека можеби и референтноста на оваа награда е зависна од самата референтност на ДПМ – и сега, и во иднина – забележува добитникот на наградата Иван Антоновски.



Наградата „Димитар Митрев“ на ДПМ за најдобра книга критика или есеистика во 2024 година ја доби „Книжевни паметници“ на Наташа Аврамовска (Институт за македонска литература).

- Со оглед на тоа што е единствена специјализирана награда кај нас за книжевна критика несомнено е дека има особено значење на книжевната сцена, но и пошироко, на културната, што секако му соодветствува на значењето што го ужива самата книжевност, а оттаму и нејзиното критичко промислување во културата. Притоа морам да напоменам дека поимот книжевна критика е појмен во широк значенски дијапазон на критичко, есеистичко, теоретско, критичко-теоретско и книжевно-научно проследување на книжевноста и нејзините развојни процеси. Сите награди на ДПМ, вклучително и наградата „Димитар Митрев“, се несомнено поттик. Најнапред поттик за дијалог за критериумите и вредностите на самата жири-комисија, кој дијалог потем се прелева и во промислувањата и комуникациите на пошироката книжевна сцена како реакција на одлуката или одлуките. Тоа е значаен импулс за живо книжевно дебатирање, особено во услови кога критика, во смисла на новинска критика од триесет реда која вредносно го оценува делото денес не постои. Зошто не постои, пак, е голема тема – загатнува добитничката на наградата Наташа Аврамовска.



Наградата „Мост“ на ДПМ за најдобро дело објавено на некој од јазиците на националностите во Македонија во 2024 година ја доби „Била једном једна кућа“ („Си беше еднаш една куќа“) на Гордана Јовиќ-Стојковска („Слово љубве“).

- Наградите што им се доделуваат на автори кои пишуваат на малцински јазици имаат посебна тежина, бидејќи се движат во простор каде што културата, идентитетот и политиката неизбежно се преплетуваат. Таквите признанија не се однесуваат само на квалитетот на делото, туку и на поширокиte услови во кои тоа дело настанува. На малцинскиот јазик наградата му обезбедува видливост, која неизбежно му недостига во доминантните литературни системи. Многу малцински заедници живеат во услови каде нивниот јазик е потиснат или маргинализиран. Кога дело напишано на таков јазик се наградува, јазикот влегува во јавниот простор како рамноправен учесник, не како „културен остаток“ или фолклорно обележје. Признанието има функција на поттикнување, поддршка и охрабрување. Писателите кои создаваат на малцински јазик често работат со ограничена читателска база и со малку институционална помош. Наградата им дава сигнал дека нивниот труд е забележан, дека нивната книжевност е релевантна и дека има можност да се пласира надвор од тесниот круг на заедницата. Тоа е важно за нивната мотивација, но и за опстанокот на самата литературна традиција, како и на чување на основата на националниот идентитет, јазикот. За многу автори кои пишуваат на јазиците на помалкубројните заедници во Македонија, наградите можеби можат да отвораат пат кон преведување и интернационализација. Малцинскиот јазик ретко самостојно доаѓа до широк читателски досег, но наградено дело може да привлече интерес кај издавачи, преведувачи и критичари. На тој начин, литературата на малцински јазик ја надминува својата географска и статистичка ограниченост и станува дел од поширокиот книжевен корпус. И политички коректно: во институционален и политички контекст, доделувањето награди на малцински автори претставува признавање на културниот плурализам. Тоа е практика што ја потврдува важноста на различноста, и покажува дека малцинските култури и нивните јазици не се периферни туку составен дел од општеството. Таквото признание често има и симболична вредност за самата заедница. Конечно, некако и воопштено, наградите го поттикнуваат развојот на нови автори. Кога една литература го добива местото што го заслужува, тоа создава простор за следната генерација да се појави со поголема сигурност и амбиција. Опстанокот на малцинскиот јазик, во книжевна смисла, зависи токму од ваквите процеси на континуирано охрабрување.

Покрај општественото значење што го имаат годишните награди на ДПМ во поширок книжевен и културолошки контекст, тие имаат исклучително значење и за самите автори, и во однос на конкретното дело и во однос на нивното севкупно творештво.

- Признанието „Стале Попов“ го доживувам како укажана чест, но и како ненајавено потсетување на одговорноста што ја носи секој автор кога создава прозно дело во кое се пледираат освен естетички, секогаш и етички и општествени принципи. Оваа награда ми потврдува дека вложениот труд и љубовта кон литературата се препознаени од колегите автори, кои од искуство се најстрогите читатели. Истовремено, „Стале Попов“ ме мотивира да продолжам уште посмело да истражувам нови теми и да го продлабочувам книжевниот опсег на интереси. Конечно, чувството е мешавина од благодарност, радост, синергија со книжевниот контекст и нов личен творечки импулс – истакнува Жарко Кујунџиски.

За Иван Џепароски добивањето на наградата значи и влегување во друштвото на сите досегашни добитници на наградата „Ацо Шопов“.

- Да се биде добитник на наградата што го носи името на Ацо Шопов за мене претставува особено пријатно и радосно чувство, зашто на тој начин не само што станувам дел од редицата наши врвни поети поранешни добитници на оваа награда, туку, уште повеќе, се радувам и поради сознанието дека на тој начин како со една скриена нишка да станувам уште посилно поврзан со врвното поетско творештво на Шопов, кое исклучително го почитувам. Згора на тоа, фактот дека Ацо Шопов има дипломирано на Филозофскиот факултет во Скопје на групата за филозофија, е од своја страна мошне важно за да може да се разбере од каде доаѓа филозофската длабочина на неговата поезија, а особено на поимот „небиднина“ што тој го скова и го постави во средиштето на својата поезија. Сето ова, со оглед на фактот дека и јас самиот многу подоцна дипломирав на истата група (сега Институт за филозофија), а повеќе децении бев и професор на овој Институт, како некој своевиден дводомен автор - кој е дома и во поезијата и во филозофијата - за мене, оттаму, има особена важност. И иако поетот Ацо Шопов професионално не се занимаваше со филозофија, јасно е дека тој не можеше а да не ги црпи своите идеи од филозофијата, за потем нив да ги транспонира во фасцинантни стихови и песни. Имајќи го предвид ова сознание за поврзаноста на филозофијата и на поезијата во творештвото на Ацо Шопов, сакам да верувам дека и во моето поетско дело оваа поврзаност меѓу филозофијата и поезијата успешно се

остварува, давајќи ѝ на тој начин некој особен и препознатлив белег на мојата поезија. А што се однесува до почитта кон поезијата на Шопов таа, во мојата наградена поетска книга „Посвети пофалби“, се огледува и од фактот дека во неа цел еден поетски циклус насловен како „Старо купувам“ се надоврзува на стиховите на Шопов и со нив стапува во творечки дијалог. Зашто мојот став, за кој постојано се залагам, е дека македонската поезија е најсилна кога без престан е во творечки дијалог не само со светската поезија, туку и со нашите врвни поетски претходници. А Ацо Шопов, несомнено, е еден од тројцата наши најзначајни поети на XX век кој и денес не престанува да нѐ восхитува и да нѐ инспирира.

За Иван Антоновски наградата е обврска, но и поттик да се биде иновативен и креативен.

- За мене, наградата што доаѓа од фелата, што има таква традиција, што го носи името на Ванчо Николески, и не можам да не нагласам, за којашто има одлучувано релевантна комисија, особено што ја добив за книгата со којашто дебитирав во книжевноста за деца, во конкуренција во којашто беа и книги од автори со коишто растев и како човек и како творец, не може да не мотивира и да не обврзува. Независно од сѐ друго. Обврзува да се биде истраен во определбата за авторска посветеност на книжевноста за деца (доволно беа „екскурзии“ во книжевноста за деца што неспорно, и наштетуваат), но и натаму да се има строгоста кон самиот себеси за да се објавуваат книги со (по)високи вредности, да се биде иновативен и креативен... Се надевам дека со новата книга „Градина полна латици“, достоинствено продолжив по патот на којшто обврзува и рецепцијата на претходната, наградената „Бакнежи на небото“. Продолжувам и натаму... по патот со нови предизвици, нови прашања и одговори, нови поетики, нови средби со најстрогите читатели... – потврдува Иван Антоновски.

За секој добитник на наградата особена чест е што таа е добиена како признание од фелата, а тоа го истакнува и Наташа Аврамовска.

- Наградата ми е особено драга, се разбира, се чувствувам како и секој добитник на награда почестена од признанието на фелата, што секогаш за еден автор е најголемото признание. Мојата книжевно-критичка и критичко-теориска генерација инаугурираше ново поимање на книжевната критика која ги следи доминантно книжевните процеси и кога е сосредоточена на едно дело и кога споредбено проследува повеќе дела теоретски, во интеркултурни релации или во книжевно-историски контекст, па оттаму ми е секако драго што таквиот прочит наидува на позитивен прием. Конкретно, мојата книга „Книжевни паметници“ е посветена на сведошните и други различно профилирани мемориски книжевни исписи на работ меѓу факцијата и фикцијата, област, што долго, повеќе децении со интерес ја следам во нејзиниот повеќе од столетен развој. Наградата „Димитар Митрев“ лично, на интимен план во однос на моите истражувачки интереси, ја чувствувам како своевидно со позитивен одглас заокружување на долгогодишен ангажман, но и како поттик за сосема нови истражувачки предизвици – истакнува Наташа Аврамовска.

Според Гордана Јовиќ-Стојковска, наградата не е само чин на оддавање признание, туку покренува и суштински прашања во однос на изразувањето на мајчиниот јазик на етничките заедници во државата.

- Со изборот да пишувам на мајчиниот јазик, а и поради неколку други причини, последните две децении речиси и не аплицирав за награди. Всушност, наградите што ги добивав беа најчесто меѓународни и без поднесена апликација, што ми причинуваше искрена радост; не затоа што наградата сама по себе е многу важна, туку затоа што доаѓаше како ненаметливо признавање. Наградата „Мост“ ме изненади и искрено ме израдува, но потребно е да се каже и нешто што ретко се споменува: конкуренцијата за оваа награда е минимална, често на самиот раб меѓу можноста и неможноста таа да се додели поради малиот број учесници. Токму тоа многу зборува за положбата на писателите кои творат на мајчините, малцински јазици и за ограничените можности за нивна афирмација. Во секој случај, ако сакаме да има вистинска промена, мора многу повеќе да се вложи во поддршка и подобрување на статусот на авторите од оваа категорија. Наградата е позитивен чекор, знак дека поддршката постои, но таа е само почеток... – посочува Гордана Јовиќ-Стојковска.

Овие пет автори со своите дела напластија нов слој на традицијата на Друштвото на писателите на Македонија и затворија еден круг на награди и признанија за да може со следниот конкурс да се отвори нов круг и да се овозможи континуирано да расте долгогодишното книжевно стебло на ДПМ.





Студија

УДК 061.2:82(497.7)]:06.05"2024"
УДК 821.163.3-32(049.3)

„ОНА ШТО СЕ ПАМЕТИ ЖИВЕЕ (НИКОГАШ ДОКРАЈ РАСКАЖАНИ ПРИКАЗНИ)“ - ЗБИРКА РАСКАЗИ



Во издание на Друштвото на писателите на Македонија излезе збирката раскази „Она што се памети живее“ – книга со сеќавања посветени на некои од великаните на современата македонска книжевност. Во книгата, чиј приредувач е претседателот на ДПМ Живко Гроздаоски и чија уредничка е членката на УО на ДПМ Сузана В. Спасовска, се поместени раскази:

1. од Адем Абдулаху – за Абдилазис Ислами
2. од Венко Андоновски – за Атанас Вангелов
3. од Петар Андоновски – за Лилјана Дирјан
4. од Димитрие Дурацовски – за Светлана Х. Јоциќ, Владо Јоциќ, други
5. од Ирена Јурчева – за Драги Михајловски
6. од Трајче Кацаров – за Благој Самоников
7. од Фима Клетникова – за Петре М. Андреевски
8. од Александар Кујунџиски – за своите професори: Конески, Митрев, Спасов, Поленаковиќ...
9. од Ристо Лазаров – за Ацо Шопов
10. од Јелена Лужина – за Јадранка Владова
11. од Снежана Младеновска-Анѓелков – за Благоја Иванов
12. од Огнена Никуљски – за Коле Чашуле
13. од Фросина Пармаковска – за Владимир Костов
14. од Владимир Петкоски – за Чедо Јакимовски
15. од Христо Петрески – за Светлана Христова-Јоциќ
16. од Диме Ратајкоски – за Данило Коцевски
17. од Михаил Ренџов – за Блаже Конески
18. од Гордана Михаилова Бошнаковска – за Михаил Ренџов
19. од Луан Старова – за Гане Тодоровски
20. од Георги Сталев – за Стале Попов (текст запишан и уреден од Живко Гроздаоски)
21. од Влада Урошевиќ – за Славко Јаневски

Во поговорот, запишан од приредувачот на книгата, е забележано и следното:

„Целта на ова дело е очигледна – да се негува меѓугенерацискиот континуитет, да се уважуваат животите и делата на нашите претходнички и претходници, да се направи нивна реактуализација, но и да се поттикне интересот кај авторките и авторите континуирано да ги запознаваат своите поранешни колешки и колеги писателки и писатели, или да се сеќаваат на нив. Целта е, исто така, да се поттикне и интересот кај читателките и читателите да ги истражуваат и да ги читаат овие авторки и автори. Со една реченица: целта на ова дело е да се долови книжевната заедница како она што во суштина е: еден широк, буен тек од испреплетени, ‘никогаш докрај раскажани приказни’ и меѓусебни влијанија, а





не мапа во која секој автор е остров, доволен самиот на себе.“

Книгата може да се најде во книжарниците на „Антолог“, „Матица“, „ТРИ“, „Феникс“ и „Чудна шума“. Промоцијата на книгата е предвидена да се одржи кон крајот на овој месец.

На 26 декември 2025 година во Друштвото на писателите на Македонија се одржа промоција на збирката автобиографски раскази „Она што се памети живее (Никогаш докрај раскажани приказни)“.

Како промотори, со Катерина Богоева разговараа Адем Абдулаху, Јелена Лужина, Снежана Младеновска-Анѓелков, Александар Кујунџиски, Диме Ратајкоски, Огнена Никуљски и Гордана Михаилова-Бошнакоска, кои споделија сеќавања за Абдилазис Исламви, Јадранка Владова, Благоја Иванов, Блаже Конески, Данило Коцевски, Коле Чашуле и Михаил Ренџов, но и за други свои колеги писатели и уметници на кои со радост и со уважување се сеќаваме.

Пред присутните свој настап имаа гудачки квартет од Факултетот за музичка уметност од Скопје (Бојана Митковска и Марија Ристовска на виолина, Виктор Манев на виола и Сара Илиевска на виолончело), како и Петар Ренџов, кој на гитара изведе една од композициите од неговиот албум „Темјаника“.

„Она што се памети живее“ („Никогаш докрај раскажани приказни“) е првиот наслов од едицијата „Амаркорд“, која е продолжение на рубриката „Амаркорд“ во „Стожер“ на ДПМ, и која чествува во прво лице раскажани спомени од животите на поранешни членови на Друштвото на писателите на Македонија.

Освен во Скопје, се планира книгата да има свои промоции и низ други градови низ Македонија, на кои ќе учествуваат други од застапените автори.









(Фото: Јован Несторовски)



Необјавена поезија

УДК 821.163.3-1

„ТЕМНА МАТЕРИЈА“

Виолета Танчева-Златева

Непокорна

Неразумно ги плашиш твоите мажи
со длабокото несознајно што го таеш
уште од детството
Со тоа море од ирационалност
што беснее во тебе
со тие sидови потпорни
подјадени од солената вода
што в миг можат да се сронат
и да паднат
да ги поклопат
како никогаш да не биле
дел од твојата приказна

За нив си луда не налудничава
Поклоничка на нечестивиот
не божествено опседната
Се плашат од твојата непредвидливост
треперат среде оргазмот
да не ги вшмука црната дупка
и да ги исплука врз стутканите чаршафи
како изглодана семка

Каква дрскост
и непослушност
кон тие градители
кон тие творци на светови

Темна материја

Цел живот со црното
во себе и во светот се судираш
како со најцврст sид
без ниту една прosирка

тактики нови смислуваш
да ги заобиколиш Темните
да не паднеш плен
во стапицата на мракот

Која си после сите битки
изгубени и добиени
Што си во очите на другите
и за себе

(Јас сум темна материја
во најдалечниот агол
на вселената)

Енигма

Можеш да се обидуваш
додека косата не ти побели и окапе
додека рацете не почнат да ти се тресат
додека колената не ти попуштат
додека умот не ти изветрее

Останувам најголемата енигма
во твојата ограничена живејачка

(Јас сум црна дупка
што во себе сè вшмукува
Јас сум трудна дупка
што светови раѓа)

Здивнување

Ко лесен чад
од секогаш последната цигара
се тегнам
да ја напуштам сенката своја

(која во бестелесноста црна
сè поцврсто ме заплеткува)

да излезам од тварта
од плотта да се одлачам
и само во суштината да постојам

Краток егзил
од телото на денот
кое алчно ми го голта чекорот

Бунар

Остро загризуваш
длабоко забите бодат
сечат секачите
до сржта продираат

Ријат
длабат
длапка во мене да остават

бунар без дно
за црното

Оган

Сува прачка сум на есента
деланка за потпал
во коравите дланки на дедо ми
клада разгорена на Бадник

Согорувам во мислите
оксидирам
како нивна еманација
И во 21 век во себе ги носам генот
на прачовекот што го открил огнот
и восхитот на првите огнари
кои ја победиле темнината

(Жив оган сум
голтам сè што ќе застане
на патот на искривата стихија)

Дрво

Суво и самотно
на вишен рид
да ботее осудено

Дур со ретките птици разговара
и со ноќите темни глаголи
еве ја – го навасува есента

Безмилосна е и буроносна
Немоќно го гледа ронењето
на своите златни лисја

Ама кај да е ќе дојде зимата
благодатна Ќе ги покрие со белина
сиот недостиг и сите црнила

А потоа пролетта ќе зажубори
и ќе донесе нови укити
Зашто таа секогаш доаѓа

Мртва природа

Сонце што тоне кон запад –
отсекогаш така сум го замислувала
заминувањето

Откако ќе се скрие зад планината
уште малку просторот плива
во мека светлина

А потоа сè потонува во темнина

Во светската џунгла

Ден по ден
сè потешко јазикот
се поткрева

Зборовите
пукаат во празно
Не фрлај бисери пред свиња

Ноќ по ноќ
устата се претвора
во затворска ќелија

Патот кон...

Со години чекорам
по истиот пат кон родното село
Секоја дупка му ја знам
секоја лузна на црниот асфалт
Вешто ги избегнувам вдлабнатините
и подготвено ја кревам ногата
да не му ги згазнам џумките

Ја познавам таа тврда болка
во јазолот на утробата

Со години во сонот чекорам
по стариот пат кон Бориево
и никако во него да стигнам
да ги прегрнам куќите
што веќе ги нема

Рекапитулација

Беше црно дете
во белите предели на детството
омеѓени од далечините

Потоа стана црна овца
во широката фамилија:
занесена поетеса шетачка
што светот не ја собира


Сега е само бледа жена
со ноќи што му се отимаат на сонот
и соништа со темни подочници
и соништа секавици во телото на денот

А јас
Што барам јас
во тоа црно дете
во таа црна овца
во таа бледа жена
со душа потемнета
од црното сонце над градот?

(Она што веќе не постои:
златен лач со мек бакнеж
во росното утро да го разбуди
успаното Бориево)

Песни од поетскиот ракопис „Сите преливи на црното“





Осврт

УДК 821.163.3-1(049.3)

„ИЗЛЕГУВАЊЕ ОД ВРЕМЕТО“

КОН КНИГАТА „*ВООБРАЗБИ* (ЛИРСКИ ЕТИДИ ЗА НЕКОЈ ДРУГ СВЕТ)“ ОД БРАНКО ЦВЕТКОСКИ, 2025, МАКАВЕЈ

Сузана В. Спасовска

Иако на прв поглед, за насловот на најновата книга на Бранко Цветкоски може да се повлечат некои христијанско-библиски паралели – ако ја земеме вообразбата како синоним за илузијата овоземна човекова – сепак ќе укажеме и на едно друго значење на тој поим – имено поимот на имагинацијата – како клучна (не само) за уметноста на пишувањето. За да видиме како овие слики (кои авторот во поднасловот на оваа книга ги именува и како лирски етиди) се прелеваат во најновиот поетски ракопис на Цветкоски, ќе мора да повлечеме и уште една паралела – а тоа е паралелата со музичкиот жанр на етидата, чија дефиниција подробно гласи – инструментална композиција за вежбање со која се совладува техниката на свирење или концертна композиција со виртуозен карактер. Затоа со право ќе се прашаме со кој инструмент нашиот автор ги испева овие етиди вежбајќи ја својата поетска виртуозност. Се разбира авторот и ни дообјаснува дека станува збор за лирски етиди – односно за етиди свирени на лира или пак поконкретно за лирски опевања. Да видиме сега за што опева нашиот лиричар во оваа книга и за кој друг свет се однесуваат тие.

Книгата Вообразби е поделена на 4 циклуси – „Наслов за залезот“, „Седенка во иднината“, „Неизустените зборови (Ars Poetica)“ и „Ронки. Привиди. Роморења“. Уште на на прв поглед ќе видиме дека ова се песни од третото авторово доба, што се потврдува и со самиот наслов на првиот циклус – како песни за залезот, што и не е нималку чудно затоа што лирскиот субјект низ својата лична призма ја доживува стварноста. Лиричарот директно го проживува светот преку своето лирско срце како центар на чувствеността и во тој поглед како да се поистоветува со лирата, неговото срце станува лира затегната во своите струни и секое треперење – на ветрот, на реката, на дрвјата, на сè наоколу – го придвижува поетскиот инструмент. Но овде лирското јас не општи само по хоризонталната оска – со сето она што видливо го опкружува – ами многу повеќе со вертикалните височини – со она невидливото. Тоа е еден интимен разговор на лиричарот не само со своето најдлабоко сопство туку и со самиот Творец. Па така во воведната песна од книгата лирското јас разговара со таа невидлива божествена сила како да е со некој близок – па дури го кани и на појадок. Во старите култури и денес сè уште е позната ритуалната практика луѓето пред секој оброк – во себе да искажуваат благодарност до Бога за богатството на трпезата. Токму таква молитва пред појадокот сретнуваме и во оваа песна со која се отвора книгата – при што овде ни трпезата не е обична, ами божествена – ветрето принесува вселенска скрама, свежо замесен зрак и бокал медовина исцеден од дојките на светлината. Од принесените дарови, може да се види дека тука станува збор за духовна храна, за духовна гозба. Оваа духовна димензија во поезијата на Цветкоски – преку која лирското јас не само што се обраќа туку и се доближува до Бога - нè соочува со уште еден аспект на човековото живеење, а тоа е минливоста. Затоа лирското јас вели дека ништо не е трајно, дека и тоа е само илузија. Под товарот на искуството, ни се пренесува една искуствена мудрост, во која лирското јас е свесно дека е убав копнежот по идеалите, но дека тие не припаѓаат на овој материјален свет – па затоа и беседата со Бога продолжува кога лирскиот субјект вели дека за утеха, Сезнајниот допушта човек да има фантазми во најзрела доба и тоа додека уште е при свест, до последните сили - а кои ги добива на дар од космичкиот ветер. Мигновеноста на човековата опстојба Цветкоски мошне добро ја разоткрива, дури и без нималку благост – тоа е суровата вистина со која треба да се соочиме. Оваа утринска средба со Бога е само сега и овде оти како што вели лирскиот субјект, миг подоцна ќе биде поставена друга софра за друг домаќин и гости. Тоа ќе бидат некои сосема други собеседници, кои можеби нема да знаат песни од sунлива пена, ниту ќе бидат заинтересирани за откровенија и промени, па дури и нема да го кренат погледот (кон вишините) за молитва. Таа смена на генерациите се чини толку брза како на филмска лента, чиниш времето неумоливо тече, без престан и без враќање. Со таа минлива нота е проткајана и целата книга на Цветкоски. Од оваа влезна песна во книгата, ние, самите читатели, како да се сместуваме на таа небесна трпеза за да ги вкусиме духовните плодови, но тоа се чини како миг. Во песните понатаму – домаќинот поет пред нас се појавува како глас, невидливо присуство – или можеби поточно како вселенски патник, кој ги крстосува sвездените пространства. Се чини дека поезијата на Цветкоски мошне вешто трага по начините за надминување на таа минливост – а тоа едноставно е напуштање на времето овде и сега и одење во некои други временски линии. На моменти тоа прозвучува како пророштво, како визија за иднината – која всушност не е ништо друго ами враќање од таму каде што сме дошле – не во празнината,

не во темнината, ами во светлината. Тоа е присуство отаде, присуство што стражари во ѕвездените маглини, што цути под стреите на галаксиите, небаре ѕвезден сејач – кој посипува вселенски семиња. Оваа космичка гледна точка во поезијата на Цветкоски со право го закитува нашиот автор како метафизичар, што најдобро се огледува во песната „За етиката и метафизиката“ - тоа е местото каде што душата се подгонува кон излез и лет, онаму од каде што доаѓа благиот ветер, или петтиот елемент, како што сметале старите Грци, зоната на етерот. Тоа е местото меѓу световите – небесниот и земниот и тој престој таму му дава на лирското јас едно друго уверување, а можеби повеќе и знаење, дека душата не заминува еднаш и засекогаш туку дека патува низ времето и како нем набљудувач отаде, има сосема добар увид во земниот кошмар, како што вели поетот. Тоа патување на душата ѝ дава можност и да не се врати во материјалниот универзум туку да остане таму каде што веќе заминала – во иднината или во вечноста. Излегувањето од времето и од овој земен хронотоп ѝ ги дава на душата вечните пространства. Тој поглед од горе е присутен речиси во сите песни од книгата – тоа е гласот на духот на лирското јас, кој пред нас ја соопштува својата астрална визија. Тоа слободно движење по временската патека напред и назад – не само во иднината туку и во минатото – е она што го карактеризира овој метафизички пев. Тоа толку еклатантно се гледа од насловот на песната „Навистина тука сум бил“ во која лирското јас се сеќава не само на точното место под густата сенка на јаворот туку и на моментот кога уште бил желба на предците (за потомство). Тоа длабоко понирање во времето на претпостоењето или предбитието - ја сместува оваа песна во песни за настанувањето оти таа перспектива навистина не може да биде доживеана од човечка материјална точка туку само од перспектива на непостоење, односно претпостоење – кога свеста или душата ѕирка во човековиот материјален и временски универзум – во универзумот на појавните облици. Ова излегување од времето му дава на писмото на Цветкоски една егзистенцијалистичка, филозофска и духовна димензија што го облагородува македонскиот поетски канон. Тоа покажува едно длабинско понирање на битието во самото себе и во самото време, но и надвор од него. Тоа понирање остава огнена трага зад себе, која ние од другата страна ја сведочиме како светлинско постоење. Оти ништо не исчезнува сосема и додека заборавот полека ги истиснува сеќавањата за оние што еднаш живееле на овој земен свет, сепак останууваат трагите дека нешто од нас се прелеало наоколу и останало да сведочи за нас на земјата.

Оваа книга на Цветкоски е едно духовно сумирање на човековите искуства за животот. Тоа најдобро се согледува преку претставата за човековиот глас, првиот плач, кој го испушта новороденчето за да го најави својот почеток и живот на земјата кога се раѓа и кој, по многу години, откако човекот ќе се нурне во тишината и откако ќе се замрачи градината (од животниот залез) – ќе се врати како ехо, за да го потсети дека кругот се затвора и животниот циклус завршува. Се разбира, книгата е пишувана во херметичен стил, токму како што и му доликува на едно писмо кое се занимава со животните тајни и мудрости, откриени низ перото на нашиот патописец на животната патека преку едно длабокоумно четиво за сопството и опстојувањето.



НЕОБЈАВЕН РАСКАЗ

УДК 821.163.3-32

СРЕДБИ НЕ ПОДОЛГИ ОД МИНУТА, ПА И СЕКУНДА

Димитар Пандев

Има средби и разговори, кои всушност се добро осмислени задачи и не траат повеќе од една минута, но за нивно исполнување бездруго е потребно значително време, безмалку, митско, во онаа семиотичка смисла, патникот се подготвува на пат потем добиено писмо, во случајов, од свој професор и веќе колега, но како и во митот на патот се јавуваат препреки од различен тип, од самовили и вештерки, само и само да те спречат во извршувањето на задачата. А задачата – од особен интерес за науката, за нацијата.

Овие средби и разговори, по принципот на комуникативниот модел, имаат и своја обратна врска и отвораат простор за нови задачи.

За една таква средба со Гане Тодоровски е и овој прилог.

Беше тоа во времето кога се подготвував повторно да заминам за Москва (јануари 1983), по еден веќе поминат семестар таму, на Москвоскиот државен универзитет, во својство на лектор по македонски јазик.

Навистина, едно што се вратив потем првиот семестар, малку и се покајав што се вратив, при сè што морав, но да се биде во Москва и не е така едноставно, ако се имаат предвид благодетите што ги дава, особено на научен план, мислам ако се оди по библиотеки, особено во популарната „Ленинка“ имено Би-

блиотеката „Ленин“ во која нема што нема од книга, безмалку од сите земји на светот, а што е уште поважно, има и збирки стари книги и списанија, па дури и средновековни ракописи, што во тоа време ми беа и основен предмет на интерес, особено – апокрифите.

И во таа средба со професорот Тодоровски, што не траеше ниту една минута, Гане ме праша имено токму тоа, а чинам и конспиративно:

– Одиш ли во „Ленинка“?!

А бидејќи и прашањето беше кусо, мојот одговор беше уште покус и гласеше кратко, јасно и отсечно:

– Да! – при сè што зад тоа „да“ се криеја не така малку нанижани „не“.

Со професорот се сретнавме во нашиот факултетски ходник, од кој нема бегање ако се сретнеш со некого, и професорот ме викна во кабинет, и извади од џеб едно плико, на кое јасно беше напишано моето име и презиме, а под него пишуваше „Москва“ и во заграда „Ленинка“. А во писмото имаше навидум еден единствен лист, што професорот го отвори и на него беше беше испишана бројна литература, а речиси зад секој наслов стоеше една кратенка што стрчеше зашто беше напишана со големи букви „ЖМНП“. Во сета конспиративност „очи в очи“ јас успеав само толку да прашам:

– Што значи тоа?!

А во тој момент, без да тропне, што инаку редовно му се случуваше, влезе професорот Александар Спасов и мене не ми остануваше ништо друго, освен да излезам од кабинетот, не за нешто друго, туку да не добијам и од него некоја задача, што секако не ќе успеев да ја одбијам.

И сето тоа се случуваше ден пред да заминам повторно за Москва, овој пат авионски, но со една дузина подароци, книги и писма што требаше да им ги доставам на московските колеги и пријатели на добар дел од моите професори.

А најлесно, барем по тежина, но најтежко по достава, токму Ганево писмо и писание.

Да пишувам за другите подароци, книги и писма сега е сосема неважно, особено зашто на многумина им ги испомешав подароците, а тоа ми се случуваше и меѓу професори кои еден со друг не контактираа, освен што ги поврзуваше Македонија, при сè што некои беа и од интимен карактер, па ми требаше доста време да ги пренасочам писмата и подароците на вистинската адреса, но и тоа беше полесниот дел од задачата. Во споредба со Ганевата.

Она што не успеав да му го кажам на професорот при нашата помалку-од-една-минута средба беше дека јас навистина сум член на библиотеката „Ленин“, мислам се зачленив уште првиот месец во Москва, речиси веднаш штом добив лична карта за странци. Отидов сам во библиотеката во центарот на градот, и се вратив со членска карта од библиотеката.

Се разбира, со гордост им се пофалив на моите колеги-странци од Катедрата за словенска филологија, очекувајќи пофалба од нив, но бев толку многу искаран од нив што не знам колку време ми беше потребно да се свестам. Коментарот беше „што барам таму, таму нема ништо ново, само стари книги“, а кога им кажав дека тоа ме интересира, едноставно бев санкциониран да читам само нова литература, се разбира, славистичка и лингвистичка, и – ме однесоа на одделот на Библиотеката „Ленин“ на Филолошкиот факултет, каде на располагање беше најновата литература по славистика и лингвистика, а кога им ја побарав „Текстологија“ од Лихачов, патем речено, излезена некаде во 1960 година, што ќе рече, пред две децении, ми беше речено дека е многу, многу стара и дека ја има само во Главната зграда на Библиотеката.

А моите добри, нови пријатели само го повторија истото што веќе ми го беа имале кажано:

„Ќе читаш само нова литература“, со други зборови, – заборави го Лихачов.

И така би. Всушност, никако не успевав да се ослободам од стегите на моето добро друштво, од нивните седенки и пијанки и бесконечни разговори за новото во лингвистиката, кое патем речено и не ме интересираше многу.

И сето тоа никако да му го кажам на професорот Тодоровски во таа средба што така наврапито ни ја прекина професорот Александар Спасов. Без да тропне. Всушност, а ќе влезеше некој кај Ганета, Спасов трчаше веднаш да види кој е тоа.

Но, токму по таа средба веќе бев упорен да отидам во „Ленинка“ дури и по цена да ги наршам односите со моите колеги со кои, всушност, делевме и ист кат во Домот за асистенти и стажанти, во кој имаше професори од сите универзитети во Советскиот Сојуз, а меѓу нив и слависти речиси од сите словенски земји.

Се случи, имено, кога се вратив во Москва да бидам сам на катот, зашто сите заминати во своите земји, па уште утредента, рано-рано, уште пред да се раздени, зашто во јануари се разденува дури во наше „девет“ се најдов во „Ленинка“, кога таму санитарен ден.

–Дојдете утре, млад човеку“ – со непримерна спокојност ме одвраќа портирката, а мене не ми преостануваше ништо друго, освен да ѝ се препуштам на Москва, почнувајќи од Црвениот плоштад, па каде ќе ме носи патот.

А утредента, само што се подготвив повторно за истата маршрута, која патем речено и не е така едноставна, трамвај, па метро... кога на врата, ете ти го чешкиот лектор, кој ме завлече кај него, во неговиот апартман, а сè што понатаму се случуваше, мислам во текот на целата таа недела, е опишано, од миг до миг, сè како што се случувало, во расказот „Приказна за боршчот, но и за други јадења“ во „Приказни од поранешните“.

Се разбира, најпосле успеав да се довлечам до „Ленинка“, но апаратот за микрофилмување – расипан, и требало најмалку една недела да се поправи.

Помина што помина таа недела, се комплетира друштвото, и секое мое бегство од домот и оддалечу-

вање од факултетот беше грижливо следено од моите добри другари – секогаш ќе се најдеше некој да ми прави друштво, да не сум се чувствувал осамено.

Залудно ми беше да го цитирам оној писателот што тврдеше дека во Москва не може да му биде на човека досадно, кога тие ми одговараа со Лермонтов: „как скучно и грусно...“

И токму во еден претпразничен, пред првомајски ден, сепак ми успеа да му избегам на друштвото и да се најдам рано-рано во „Ленинка“, на пултот за микрофилмување, и тоа прв, и да ги дадам потполнетите фиши со податоци што треба да се микрофилмува, се разбира, однапред веќе знаев колку ќе ме чини тоа и во рака ги имав подготвено копејките кои веќе почнуваа да спотнуваат.

– Дојдете, млад човеку, потем три часа, ми враќа службеничката на пултот откако ги зеде фишите, и уредно ја наплати сметката, до копејка.

Можев најпосле да здивнам, но што ќе правам сега три часа, кога нешто не ми беше до читање, а веќе сфатив дека секое по закажување книга треба најмалку три часа чекање, а камоли да се чека микрофилм.

И не ми остануваше ништо друго, освен да ѝ се восхитувам на библиотеката, особено на картотеките, па прво што ми падна на ум беше мојот професор Конески во библиотеката во Њујорк кога ги нашол дипломските работи од првата генерација дипломирани студенти на нашата Катедра. И замислете, о чудо, веднаш ги најдов и во Москва, па си реков дека оваа библиотека не е ништо подолу од таа во Њујорк.

Но, три часа се три часа и не ми остануваше ништо друго освен да излезам надвор и да се прошетам низ московските улици.

А надвор, претпразнична атмосфера. Со други зборови, продавниците преполни храна. Особено – месо. Само што пристигнато, а редицата уште незапочната. Во нормални услови би застанал во ред и би чекал, иако никогаш тоа не ми се случувало, мислам да стојам во ред за храна, освен еднаш за риба, и тоа пет часа, иако исто бев прв во редот, но продавачката никако да почне да ги продава додека не ги извика по телефон сите нејзини купувачи, па се создаде таков ред што прилегаше на вистински хаос.

И се разбира, и во моменти на неизвесност, секогаш се наоѓа решение што се вика „кино“. Купив билет и влегов на само што започнат филм, а дежурната љубезно ме однесе на моето седиште. За волја на вистината, филмот веќе го имав гледано, „Станица за двајца“, но гледањето еден ист филм по двапати понекопгаш ми доаѓаше како повторување лекција, па гледав до кај што гледав до времето кога веќе требаше да одам по микрофилмот.

Се разбира, станав незабележително и едно само да излезам, кога дежурната ми свика наредбено: „Назад, филмот е интересен, мораш да го догледаш, да знаеш што ќе се случи“.

Убаво ѝ одговорив дека веќе сум го гледал, а таа „Раскажи што понатаму“.

Иако не сум некој добар раскажувач, особено не на филмови, и тоа на руски и на руски, раскажав доволно за да сфати дежурната дека навистина сум го гледал филмот и по две-три потпрашања, со тешко срце и несриена жал што ми изгледаше неверојатна – ме пушти.

И така се најдов на пултот, а библиотекарката ме одведе до апаратот за читање микрофилмови и со глас што звучеше на наредба, ме замоли да проверам дали е сè во ред со микрофилмот.

И сè знам беше дека си реков во себеси: „ќе ме испрашува“.

Читав полека, снимка по снимка, сфатив дека се работи за статии објавувани во „Журнал министерства народного просвештенија“, каде што своевремено се објавувале и статии за Македонија. Всушност, сите тие беа сместени во еден микрофилм, што можеше да се држи во една рака.

За среќа, не бев испрашуван, но запомнив што има во микрофилмот

x x x

Со професорот Тодоровски се сретнавме два-три дена по моето враќање во Македонија, се сретнавме во Струга, само му го дадов микрофилмот. И толку! Во една единствена секунда.

Микрофилмот не го спомнавме уште еднаш. А кога извесно време подоцна ја побарав во НУБ „Климент Охридски“ „Лоза“, ми беше речено дека ја имаат само на микрофилм, а апаратот не им работел... Го читал ли професорот во Архивот или на друго место, не ни размислував. Во секој случај, во статиите од професорот, впрочем како и во претходните, се чувствуваше отсликот од микрофилмот. Можеби и професорот дамна ги беше имал читано, а сега му беа потребни како потврда, или пак за неизбежно цитирање.

x x x

Оваа година повторно му се навратив на „Журнал Министерства народного просвештенија“. Всушност, ги најдов сите броеви на интернет. А не само она што се однесуваше за Македонија и што одамна го имав читано, во стресна ситуација, во „Ленинка“, да не би да бидам испрашуван од службеник пред кого и не сум должен да одговарам, а овој пат за да ја дозавршам „Окружението на Мисирков“, меѓу другото и како предавање на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, а отпосле и како книга. На фонот на микрофилмот што го пренесов од Москва во Македонија во обичен чорап. За потребите на Гане Тодоровски, за науката, за нацијата.



Проза

УДК 821.163.3-32

ДВА РАСКАЗИ

Живко Грозданоски

Сакате да си играме капитализам?

Пред некоја вечер, возејќи кон маалскиот минимаркет, на пат кон Центар, забележав осум-деветгодишно девојче седнато на столче крај тротоарот зад пакет поставен на работ од нејзиниот двор. Пакетот ми заличи на импровизирана тезга, па тукушто се паркирав крај минимаркетот, излегов од колата и тргнав пеш назад. Бев љубопитен и целата сцена ми беше радосно смешна. Сигурно и вие ги имате видено некаде: најчесто се девојчиња, со сета своја разоружувачка простодушност се шеткаат вака со тезги, обично плитки картонски кутии прицврстени со врвца околу вратот, како продавачите на семки на стадионите. Секогаш со задоволство учествувам во играта.

Како ништо да не забележувам, минав покрај тезгата. Трговчето не го испушти потенцијалниот потрошувач: „Повелете, повелете!“ Подзастанав, затекнат, како случаен минувач. „О, здраво! Што е ова?“, прашувам. „Продаваме украсни камчиња“, вели девојчето. „Аха...“ Се загледувам повнимателно во понудата – до неколкуте десетденарки, на пакетот наредени едно до друго лежат десетина белутрачиња, несмасно испочкртани со фломастери. „А, колку чинат?“, велам. „Десет денари едно.“ Земам едно в рака. „Така, значи... Многу се убави“, велам. „Цел ден ги боевме“, се охрабрува девојчето. „Хм, добро... А, какви камчиња се овие?“, прашувам. „Ги собиравме во Охрид“, дофрла подготвено едно друго девојче, кое во меѓувреме дотрча од куќата и ѝ се придружи на бизнис-партнерката. „Хм. Добро, ќе го купам ова“, велам и го покажувам розовото камче во дланката. Ѝ давам на асистентката продавачка една паричка и со насмевка се разделуваме. Го ставам розовото камче во џебот и чекорам назад кон супермаркетот.

Утрово, слушам од улицата детска викотница што ми звучи на „По-вееееее-ле-те камчиња! По-вееееее-ле-те камчиња! По-вееееее-ле-те камчиња!...“ Замислувам како им тргнала работата, па морале да го зголемат производството на исшкрабани камчиња. Почнале да инвестираат и во брендинг, во реклама, отвориле профили на социјални мрежи. Вработиле нови продавачки и продавачи на камчиња. Отвориле нови тезги, поставиле една и до онаа на стариот продавач на спанаќ, тука пред зграда...

Си го испишувам така во мислите подемот на малата нео-неокапиталистичка империја. Во главата ми се пишуваат две сценарија. Во првото, ги посетувам малите трговки со конкретна бизнис-понуда: ќе ја откупам сета стока, ако ми ветат дека половина од заработката ќе дониираат во добротворни цели. Тие најпрво се збунети, првпат слушаат „добротворни цели“. Им го објаснувам изразот, се согласуваат, ги купувам камчињата и си одам дома. Истата вечер одам до куќата, звонам на звончето од влезната врата. Отвора еден од родителите. Барам да ми ги врати парите дадени за глупавите камчиња, тој не сака. Почнуваме расправија за тоа дека децата треба да се учат и на хуманост, ако веќе се учат на трговија. Следи викотница, јас вадам фломастер и еден шарен лист хартија за девојчињата: „ПРИЗНАНИЕ: НАЈХУМАНИ ТРГОВКИ ВО МААЛОТО – СЕ ДОДЕЛУВА НА... и тука треба да се впишат двете имиња. Родителот не е воопшто воодушевен, напротив: го зема листот хартија и го кине на парчиња, а јас добивам закани по живот и забрана да им се приближувам на децата. Во второто сценарио, натегнувам црн чорап на главата, отворам две дупки за очите, им влетувам на децата со пластична сабја и се дерам „Рацете горе!“ За секунда ги собирам од тезгата исчкртаните камчиња во црна кеса за ѓубре, и ме снемува со кесата на рамо, исто како на цртан филм. Следниот ден местам столче крај стариот продавач на спанаќ, пред себе ставам пакет, ги редам таму обоените камчиња, и чекам да се појават довчерашните трговци... Сакате да си играме капитализам? Ајде.

Купувам имиња

Возејќи кон дома, повторно заборавам навреме да се исклучам од булеварот „Илинденска“, и повторно заглавувам во тесното грло на мостот „Обединети нации“. Неодамна напишав расказ за тукашниот метеж, но тоа очигледно не ми е од полза: и цел роман да напишам за овие раскопани улици, пак ќе возам без доволно внимание и без соодветен план за движење, како сите булевари да се мои и како сите патишта да ме водат на вистинското место.

Денес кај семафорите по надвозникот „Влајко“, на десетина метри пред мене, на жардиниерата помеѓу двете спротивни ленти од булеварот седи постара жена, Ромка со засукани ракави и крупни надлактици, големи влажни очи, сјајни како маслинки над избраздените образи на лицето врамено во црна шамија со дезен од црвени рози.

Зеленото светло на семафорот трепка, станува жолто, па црвено. Застанувам, а жената ги потпира рацете на колената, се поткренува и доаѓа точно кон мене. Носи насмевка на лицето.

Прозорот ми е отворен. До менувачот има четиресет денари. Помирено ја подавам раката кон монетите, но за миг подзастанувам и се вртам кон жената. Нервозно се насмевнувам и јас, сега на тромежјето помеѓу резигниран, поласкан и изреволтиран.

„А, што не одиш кај овој?“, ја прашувам, покажувајќи со прст на сивото ауди пред мене. Не е кола што би предизвикала завист, но, секако не е крнтија како мојата „вектра“ произведена 1995.

Жената ги поткрева веѓите и уште повеќе ја раширува насмевката. „Еееееx...“, испушта долга воздишка и одмавнува со рака во воздухот, „кај даваат тие пари...“ Сепак, веднаш отчекорува до него. Застанува крај неговиот прозор, а по неколку секунди се врти кон мене и со истата онаа насмевка крева еден показалец и го нишнува трипати лево-десно. Потоа прави неколку бавни чекори назад до жардиниерата и си седнува.

Колите се поместуваат уште малку нанапред и повторно сме еден крај друг. Ја истегнувам раката колку што можам низ прозорецот. Таа ја позема паричката, се смешка. Ѝ враќам со иста насмевка. Светлото на семафорот трепнува жолто, а потоа и зелено. Отсечно се вртам кон жената: „А, тетке, како се викаш ти?“, викнувам, но некој зад мене свири и заминувам.

О, вие што го затворате прозорот штом ќе ви се приближат луѓето од семафорите, вие што ја вртите главата надесно, вие што ги пуштате бришачите штом ќе дојдат да ви ја светнат шофершајбната – што правите со тие 150 денари што ги заштедувате на крајот од месецот? Купувате поквалитетна храна за кучето, пошарена играчка за детето?

Јас купувам имиња. Кога ќе ми се приближи некое детенце, така, на семафор, ќе ископам некоја паричка и – „А, како се викаш ти?“, прашувам. Таа ме гледа со крупни очи – „Јас?“ „Да.“ „Себает.“ И си повторувам потоа, возејќи – „Себает, Себает, Себает...“ Следниот ден: „А како се викаш ти?“ „Мина! А таа Магбуле. А тој таму – Абдула. А тој...“ „Добро, добро...“ Потоа: „А ти, како се викаш?“ „Зејнеб.“ „Зејнеб? Зејнеб... Зејнеб!“

Пред очи ми се појавува светлиот лик на Зејнеб, девојка од Тунис со која се запознав во Перуџа во летото 2009. Толку насмеана, толку постојано радосна – ти доаѓа порив да застанеш пред неа, и да ѝ речеш – чекај, чекај, што е работава? Што се случува?

И, сега ова Ромче од Автокоманда исто така се вика Зејнеб. Можеби и тоа со разоружувачка непосредност сака да се дружи, да зборува, да се распрашува за сè и сешто? Исто како Зејнеб, со која иако не врзавме ни три разговори, сакаше да дојде и да ме испрати до железничката на денот кога требаше да се поздравиме, па уште и ми подари едно малечко дрвено портмоне за монети – за да сум се сеќавал на неа...

Зејнеб! Каде си сега? Што правиш? Ќе те видам ли некогаш повторно, за да те прашам – зошто, побогу, ми предложи да ме испратиш тогаш до станицата? За да ми покажеш како цвета радоста? Јас не ти оставив ништо, но, би се сетила ли ти на мене? Ќе ја прочиташ ли некогаш оваа приказна за тебе? А и вие, Северџан, Себает, Магбуле – ќе ја прочитате ли барем вие некогаш, кога било, оваа приказна? Умберто Еко во една своја книга пишува за „идеалниот читател“. Јас поидеален читател од вас никогаш нема да можам да си замислам.





Осврт

УДК 821.18(497.7)-1(049.3)

„ТАКА ТРЕБА ДА БИДЕ“

(ОСВРТ КОН ЗБИРКАТА ПОЕЗИЈА „КУЌА ШТО ТАНЦУВА“ НА ДАИМ МИФТАРИ, ПЕРУН АРТИС„ 2023)

Линдита Ахмети

Јас не сум поборник или приврзаник на „отклопување, „разглобување“, „откривање“, „разоткривање“ или “раслојување“ односно анализирање на книжевните дела, особено не на поезијата. Тоа би значело да ја дувнеме или да ја избришеме нејзината магична прашина. Да ја соголиме. Таа сака да биде мистична, затворена, таинствена, „осамена“ и тоа треба да се почитува. Тоа значи да се почитува нејзиниот терен. И, така треба да биде. Се разбира, колку што се може, затоа што има ситуации како оваа, кога со детско љубопитство ќе треба да ја земеме пеперутката на дланка за да допреме до нејзината загадочност, дури и по цена на нејзиниот „крај“ кој остава разнобојни правливи траги на дланката. Свесна сум, како што реков, дека песните си ја сакаат сопствената „осаменост“, слобода, затоа што тие не се веќе ни на авторот. Самостојни се и повеќетолковни. Значи даваат можност да бидат различно толкувани од секого. И така треба да биде. Зошто тогаш се согласив да го направам спротивното од она што го тврдам и во што верувам? Затоа што стоиме пред „Една куќа што танцува“ која уште во дворот не мами со мајска атмосфера, среќно детство, светулки... кои не канат да влеземе внатре, и покрај она што е речено погоре, да ја проучиме нејзината внатрешна структура, архитектура и да ја дознаеме тајната, колку што ќе ни „дозволи“, како тоа таа танцува. Веднаш во ходникот, не очекува моето тврдење дека всушност поезијата е голема непознаница која не сака, уште еднаш нагласувам, не сака да биде откриена. Авторот вели:

Не знаев што точно беше
И што навистина
Сакаше од мене
Кога еден ден
Ми ја подаде раката... (Песна, стр. 10)

Ова не води до едно друго сознание: поезијата е таа која бира кому ќе подаде рака, односно Музите се тие кои ќе решат кому да му ја шепнат песната – Трпеливо и тврдоглаво – како што вели авторот. Еве ги првите чекори на танцот... Продолжуваме да се движиме во внатрешноста на куќата: Ги „гледаме“ Музите, поточно Евтерпа, Музата на лирската поезија, во една од просториите, која откога решила со кого ќе комуницира, (значи со авторот), го „ослободува“, или платонски речено, го вдахновува да ги каже сите неискажани нешта, кои колку и да изгледаат секојдневни, не се. Неискажливото всушност е болка која се таложела и лежела долго време, за на крајот да стане песна. Убава песна. (*Болка, стр. 22)*; (*Ненапишаното*, стр, 42) или стиховите:

Кога нема што да им кажеш на зборовите
Ниту зборовите тебе
Немаат што да ти кажат,
Недореченостите се само некои бездомници
*Што не знаат каде ќе ни најде утрото (***, стр. 32)*

Куќата сега прави чудесна пируета и ние влегуваме во друг простор каде што достоинствено не чекаат песните *Денови* и *Недела* кои ни пеат речиси тажно за рутината, убиствената рутина. Авторот тука како да сака да не потсети на латинската изрека Carpe diem – Зграпчи го денот, оплакувајќи ги на овој начин деновите кои повторливоста безмилосно ги топи. Денови во кои го чекала најубавото нешто – слободата. Денови кои можел да ги живее сосема поинаку. Да го прави она што го сака (*Понекогаш мојот живот*, стр.21). Круна на ова „оплакување“ е песната *Да не бев јас* која на некој начин ни потврдува дека сепак, како и да е, ќе се случи она што треба да се случи. Затоа што така треба да биде. Ова отпрвин изгледа како предавање, ама не е. Ова е чуден вид на бунт, затоа што во моментот кога разговара со Евтерпа и кога таа му го дава платното за стиховезба на нејзиниот избраник, тогаш тоа е бунт. Тивок, чудесен, поинаков вид на бунт. Мирна вода брег рони, вели поговорката. Реков поинаков вид бунт, нели? Таков

е. Стигнуваме до следното сознание – поинаквоста! Поинаквоста е многу важен услов за добра, врвна поезија, нешто што се постигнува со изоден трнлив пат, во кој ќе наидеш и на бездна, на чудовишта и секакви пречки и неможности низ кои треба да се помине. Авторот го поминал овој пат и успешно стигнал до она што јас го нарекov ексклузива на поезијата која Евтерпа му ја подарува. Ексклузивата наречена поинаквост која авторот многу добро знае да ја користи: во пишувањето (стилот), во согледувањето на нештата (слоевитоста). Куќата се наведнува и пак се врти со влезната врата пред нас, а ние внимателно чекориме низ простории со огледала каде што го нaсираме она што уште во антиката ни е многу јасно предочено како едно од најважните начела: спознај се себе си - γνῶθι σ'αὐτόν (*gnothi s'auton.*) Како пред влезот на Делфи кој во антиката се сметал како папок на светот – ги откриваме стиховите:

Се восхитувам себеси...
Како може да биде толку смирен,
Додека мене ми доаѓа да врескам.... (Себеси, стр, 27)

Се придружува тука и поезијата *Прошка* (стр.24)

Прошка, главо моја, честопати
Лошо сум се однесувала со

тебе, колку ли пати сум
ти се качил на врат,
речиси за ништо...

Самоспознанието води до умереност: се поставува прашањето дали тука навлегуваме во друго важно начело, односно дали се судруваат Аполон и Дионис, кој сепак и е потребен на поезијата. Значи за да бидеме појасни: самоспознанието, или Аполон/ското е составен/но дел на поезијата кој пак од друга страна не може без своето спротивно: Дионис/иското кои заедно градат едно друго многу важно античко начело – хармонијата: спротивното во едно. Ова подобро би се илустрирало со „главнот лик/фигура" на оваа збирка – куќата. Прво *Куќа на детството* која покорно, умерено, аполонски ги учи првите чекори на танцувањето. За подоцна да стане бунтовна, под дејството на Дионис, да танцува страсно, како Мајнадите, затоа што сега веќе станува Куќа на писателот каде што има маса, а на неа на 30 стр. вели:

... Филџан со кафе. Стари весници. Куп книги
Стихови што сум ги расфрлал
Овде – онде.
Шепотат
Како штотуку расцветани пупки
на дожд

Сето ова што се обидов да го кажам без да ја тргнам лирската златна прашина и без да ја расклопам односно допрам или повредам поезијата, може најдобро да се заклучи или да се круниса со стихот на Бајрон:

Between two worlds life hoovers like a star
Помеѓу два света животот лебди како ѕвезда

Стих кој јас за оваа прилика би го прилагодила:
Помеѓу две куќи Мајка та лебди како ѕвезда.

Песните на Даим Мифтари имаат во себе неописиви нешта, што ја креваат поезијата во височините на уметноста. Во ваквата поезија излегува на површина посебниот слух и способноста на поетот да ја одмери тишината помеѓу зборовите и сликите. Се создаваат така привлечни поетски пејсажи пред куќата и во неа, што се мајсторски одбран материјал за возбудливи стихови. Во овој поетски свет украсен со прекрасни чувства Мајката е ѕвездата на овие стихови, мајката е лирскиот херој (за која треба да се напише посебен есеј) кој е вешто претставен заедно со другите пластови на убавината и сите предели на сеќавањата што будат во нас задоволство, воедно создаваат и носталгија кога стигнуваме на последната страница на книгата зашто би сакале да ја напуштиме, или подобро речено, да излеземе од куќата така како што влеговме, тивко и задоволно, имајќи го со себе сознанието за кое влеговме, да бидеме уште во друштво на Евтерпа која му ги отворила убавите видици на авторот Даим Мифтари да ни подари ваква поетска книга и да ни приреди еден убав празник. Среќа е што Евтерпа направила добар избор одлучувајќи се за Даим преку избрани лирски ноти да нé воведе во чудото на куќата и да излеземе од неа збогатени со убава поезија. Така треба да биде.





Необјавена проза

УДК 821.163.3-32

„ЛИСАБОН“

Драгана Евтимова

Антананариво

Стоев на излогот од продавницата, во која се продаваа играчки за деца. Децата ми мавтаа и јас им подарував бонбони, лижавчиња, балони, моливи со шарени гуми и други ситни работи. Потоа си праќавме бакнежи и се прегрнувавме. Еден ден, додека им правев некакви смешни гримаси со лицето и се клатев со цело тело, а децата што стоеја пред излогот гласно се смееја, една жена со црвена коса почна да ме влече кон еден автомобил. Залудно врескав, сакајќи да се ослободам. Жената ми ја доближи фискалната сметка до лицето, а нејзиното детенце скокаше од радост што доби нов подарок за Божиќ. Некои луѓе мислат дека можат да си го купат целиот свет.

Берлин

Рано утрото автобусот пристигна во Берлин. Платив сместување за два месеца и со ранецот на грб поминав покрај сите значајни и незначајни споменици, порти, ѕидови, музеи, паркови и дрва. Потрошив четиристотини и тринаесет филмови и купив двесте и седум разгледници, напишав сто и дванаесет хаику песни и дваесет и девет писма со впечатоци за градот и им ги испратив на пријателите, за да не ме заборават. Мојата љубопитност немаше граници, па одлучив да ги посетам сите двесте и шеесет музеи, да земам автограм од сите кустоси во нив и да им подарам по една песна од Октавио Пас. Така, трчајќи по улиците на Берлин, заборавив да се вратам дома.

Вилнус

Стојам меѓу ѕидови и големи капии. Околу мене има некаква катедрала и една градска куќа. Покрај мене трчаат луѓе и врескаат деца. Тишина. Еден дедо брзо прелистува весник, прави гримаса со лицето и бесно го фрла весникот во корпата за отпадоци. Тишина. Почнувам да плачам на глас, врескам, тропам со нозете, но ништо не можам да слушнам. Ниту другите ниту себе. Ми се доближува една жена и почнува нешто да ми зборува, веројатно се обидуваше да ме смири, но не можам да ја слушнам. Жената ме прегрнува, претпоставувам дека ме теши, стануваам, се прашувам „што ми се случува?“, но – тишина. Одеднаш почнувам да трчам и да бегам од тишината. Ми треба град што можам да го слушнам.

Гватемала

Денес Б. ја отвори својата изложба, на која ја презентираше новата слика. На сликата Б. имаше нацртано една кутија од која се гледаше глава на човек, што во десната рака држи молив. Се доближив до сликата и погледнав во очите на човекот. Тој нешто ми покажа надолу. На ѕидот под неа беше запишано името на сликата: „Единственото нешто што не се менува е промената“ – пишуваше. Замислено се оддалечив од сликата, без да го погледнам човекот што беше нацртан на сликата и шетав низ преполната сала со посетители. Сите избезумено трчаа по Б. и бараа негов автограм. Човекот што беше насликан на сликата ја поткрена главата од кутијата, го фрли моливот кон мене, ме погоди во главата, скокна од кутијата, ја скрши рамката во која беше врамен и излезе од огромната сала. Никогаш повеќе не се врати.

Даблин

Мајка ми никогаш не го спомнуваше мојот вистински татко. Само еднаш ми рече дека се вика Патрик. По многу години денес влегов во Катедралата што се наоѓа во центарот на градот и бидејќи имав два слободни часа бавно ги разгледував портретите на нацртаните луѓе што ги прогласиле за светци. Пред да излезам од Катедралата си купив една малечка икона. Стаписано гледав во човекот со брадата, кој гласно ми се смееше. Брзо ја свртев иконата од задната страна и му го прочитав името: Свети Патрик.

Ерусалим

Веќе четири часа комшијата се обидува да ја обие сопствената врата. Сигурно пак го заборавил клучот. Кога конечно престана тропањето, некој чукна на мојата врата. Отворам, а пред вратата стои непознат човек со крвави раце и глава. „Ве молам викнете полиција! Сакам да се вратам дома!“, викаше. Брзо влегов во станот, викнав полиција, а човекот седна на прагот од вратата, ја наведна главата и тивко почна да плаче.

Другиот ден на вести имаше репортажа за пронаоѓањето на еден познат човек со крвави раце и глава. „Уапсена е фреската на Исус Христос од израелското гратче Ефрат во Скопје на улицата 'Иван Козаров 3'", рече новинарката. „Во обидот за реставрирање на познатата фреска на Исус Христос што се наоѓала во израелското гратче Ефрат од страна на М.С. (86), со цел да се стекне со голема популарност поради ова необично дело што се наоѓало во локалната црква, во 1813 година од непознати причини ликот од фреската одеднаш исчезнал и никогаш повеќе не се вратил назад во Ефрат. Но денес фреската си го најде својот изгубен Исус, а човекот што е во рацете на македонската полиција, своето огниште", заврши новинарката со насмевка на лицето. Стаписано гледав во човекот со заврзани раце на грбот. Потоа на екранот почнаа да се емитуваат реклами.

Загреб

Долго време шетав низ гробовите што молчеа и ги фотографирав сликите на умрените. Некои беа многу млади, некои стари, а на некои немаше ниту слика ниту име и презиме. Беше празно, тивко и пусто. Само една баба со икона во рацете гласно плачеше пред гробот што го носеше името на некој си Фрањо Туѓман. Никогаш не ми било јасно тоа, да рикаш од плачење, да си ја искорнеш душата од градите со икона во рацете пред некаков си гроб, а додека си жив очите да си ги вадиш со луѓето што ги сакаш. Но, добро. „Природата е полна со спротивности", еднаш ми рече Мери Д. И беше во право.

Каракас

На репертоарот во театарот денес беше претставата Безимениот. Купив еден билет и седнав на нумерираното седиште. Глумецот излезе на сцената, се поклони и ја започна својата улога: „Минувачи низ градските улици, вас ве прашувам, зошто постојано...? Зошто гласно пцуете пред да се запали зелено светло за пешаци? Зошто...? Зошто...?" Замолкна. Се вртеше во круг, како да сакаше да добие на време. Брзо трчаше низ сцената, како да се бркаше со некого, иако немаше никој. „И зошто постојано се довикувате од едниот до другиот крај на булеварите? А кога се разминувате еден покрај друг се одминувате како никогаш да не сте се виделе? Зошто не плаќате...? Зарем мислите дека така ќе заштедите дел од своите пари што ги немате?", глумецот го продолжи својот двочасовен монолог. Публиката концентрирано го слушаше. Кога заврши претставата, глумецот учтиво се поклони. По громогласниот аплауз на публиката, тој исчезна зад сцената, брзо ја избриша својата шминка и уште побрзо ја извади перика. Потоа полека си ја соблече облеката, па си ги извади нозете и рацете и замина дома да се одмори за утрешната претстава. Во друг град.

Лисабон

Секој ден доаѓав на истото место и седев покрај реката Тахо. Сакав да ти испратам порака. Остро се критикував дека сум кукавица, нерешителна и мрзоволна личност. Цела недела ја составував, но залудни беа сите обиди конечно да ја испратам. И кога конечно сакав да ја пратам, наместо „испрати", по грешка го притиснав копчето на кое пишуваше „избриши". Некои пораки бараат време.

Љубљана

Од денес престанав да те гледам со розеви очила, бидејќи само што помислив дека те пронајдов, ти ги извади моите розеви очила од главата и ги скрши со ѓонот од твојата лева чизма. Така, продолжив да бдеам над својата осаменост.

Монтевидео

На работната маса го најдов твоето писмо. Во него имаше само еден празен лист хартија. „Што се вознемируваш без врска", ми вели Б. „Можеби некој се исплашил да ти ја напише вистината", ме охрабри.

Нук

Вчера бев на изложбата на Војновиќ. Под секоја слика имаше поетски наслов. Комшиката Акимура беше фасцинирана од концептот на изложбата. Погледот го приковав на последната слика што беше најнеобична од сите други. Под неа пишуваше: „Ех, таа хиерархија на чувствата", а на сликата имаше нацртано мајмун. Комшиката Акимура си ја купи баш таа слика, со мајмунот. Мислам дека повеќе беше одушевена од мајмунот, отколку од насловот на сликата. Имам впечаток дека денес луѓето повеќе сакаат да се забавуваат, отколку да слушаат патетични лелекања, дури и кога уметноста е во прашање.

Отава

Седев на една клупа меѓу заливот Џорџијан и реката Отава, додека црвената и жолтата боја од природата се огледуваа на синото небо, водата и зимзелените дрва во паркот Алонгквин. Покрај мене поминаа момче и девојка: „Не сакам да ме заборавиш", рече девојката. „Нема", ѝ одговори момчето. Девојката го прегрна и го праша: „Ветуваш?" „Не", момчето ја оттурна од себе. Додека меѓу клупите претрчуваа лисици, верверички и црни мечки, а над главите им летаа некакви шарени птици, нивниот разговор се претвори во едно големо недоразбирање.



Необјавен расказ

УДК 821.163.3-32

ПРЕПОЗНАВАЊЕ

Ирена Јурчева

Спокојно самував во бисерниот град, во тие доцноавгустовски приквечерија со медени залези. Тогаш имав триесетина години. Седев со саати на брегот и слушав музика на едно мало џебно радио, додека шумолеа брановите на Долни сарај, нежно и ненаметливо. Некои звуци душата ги препознава. Велат, ритамот на водите - пауза, удар, повлекување - се усогласува со ритамот на крвта.

Речиси секој ден по сокаците во стариот град пред мене се појавуваше еден висок белолик турист во друштво на три девојки. Носеше широка ленена кошула и косата му беше развиорена на езерскиот ветрец. Ме потсетуваше на рицар. Го видов дури и на еден концерт на ренесансна музика. Чембалото свечено одекнуваше во вековните ѕидови на црквата. Пауза, удар, повлекување. Некогаш, некаде, истиов лик е виден, додека ѕунела истава музика.

Утредента, стоев во сенката на галеријата на Света Софија, кога влегоа дваесетина посетители. И рицарот беше во таа група. Немо им посакав добредојде, како да ги дочекувам во сопствен дом. Wow! - извика една жена со фотоапарат во рацете. За првпат ги здогледа овие столбови, стари, цврсти и достоинствени. Некои извици душата ги препознава. Ѝ подзавидов на првата средба со ова место. Како отсекогаш да сме застанувале тука. Како нешто меѓу нас да било веќе кажано.



Осврт

УДК 821.163.3-32
УДК 821.163.3-1.09

„ПОЕТСКИ КРИК ПРЕДИЗВИКАН ОД СУДБИНАТА“

КОН „ТКАЖАЛКИ“ ОД АЛЕКСАНДРА ЈУРУКОВСКА, ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА „ДАНИЦА РУЧИГАЈ“ ЗА 2025 Г.

Ерол Туфан

Со радост ја прочитав електронската верзија на *Ткажалки,* поетската книга што ја понесе наградата *Даница Ручиѓај* на ДПМ за 2025 година, и тоа од неколку причини. Прво, затоа што ДПМ со еден посериозен пристап кон делата кои конкурираат за оваа награда, всушност, ја воздигнува самата награда на едно многу повисоко рамниште давајќи ѝ го заслуженото значење. Второ, затоа што се работи за дело на авторката Александра Јуруковска, која досега во македонскиот литературен свет важеше за строг, доследен, принципиелен, прецизен и објективен критичар на книжевната продукција во одредени конкретни периоди. Трето, самиот наслов *Ткажалки* ми беше привлечен, дури би рекол интригантен, па сакав да знам за што се работи во тоа книжевно дело.

Поетскиот ракопис е сочинет од три циклуси: *Бели коридори на црната тага*, *Небесен амбис* и *Ткажалки*. На крајот од книгата е поместено *Образложението* на тричлената Комисија за доделување на наградата, од кое ние, заинтересираните читатели, разбираме зошто токму оваа книга била наградена, а не некоја друга, гест што треба да се поздрави.

Првиот циклус многу ми се допадна, зашто пее за општочовечко чувство кое го поседува секој од нас во

одреден период од животот, кога изгубил некој многу близок, кое овде е согледано низ призмата на една женска ранета душа. Во стиховите во овој циклус има признавање дека се руши стожерот, стреата и покривот на куќата на животот за трите жени кои се потпираат една на друга, затоа што умира таткото. Тој циклус е многу моќен и блика со реални слики кои ги црта раката на судбината, доловувајќи го огромното влијание на болката врз женската анима. Има ли нешто пофасцинантно од реалноста прекршена низ призмата на една женска душа која е соочена со семоќта на судбината, а сепак со својот вертикален дух со посредство на перото се обидува да наслика имажи на сопственото јас, кое е свиено од болка поради загубата? Тие стихови се рефлексии на животните трауми, стеги, ограничувања и кафези во кои се става една чувствителна душа, немајќи сили да се спротивстави на кобната судбина. Но наспроти овие слики има пркос, инает кај клучниот актер комушто му е посветен овој циклус. Таткото – кој е пред заминување од физичкиот свет и го чека доаѓањето на ангелот на смртта – со своето шегобијство барем за последен пат сака да фрли ракавица во лицето на судбината, пред своите најмили три женски срца да остави слика на човек кој не се покорува докрај и во последната битка во овој видлив и минлив живот.

Во овие песни има и споредби меѓу одделни значајни личности во животот на секој поединец, се фрла светлина врз моќта и немоќта на еден ист човек во различни фази од животот. Оттука, овој циклус се одликува со универзалност, зашто секој од нас се соочил со различните појавности на истиот лик – во случајот таткото – во текот на неразделниот однос на постојано дете во неговите очи, дете кое еден ден ќе дојде во состојба да го негува изнемоштениот родител во таа неминовна промена на улогите. Моќни универзални слики, моќни сродни споредби, моќни и неприкосновени пораки има во овој циклус на поетскиот првенец на Александра Јуруковска.

2

Вториот циклус од прво читање не беше докрај разбирлив за моето око, затоа го препрочитав отпосле на хартија, откако ја испечатив електронската пратка. Тој циклус е многу потајновит, со скриено внатрешно писмо и местни зборови кои бараат толкувања и per se, но и од нивната употреба во контекстот на стихот. Значи, тука има намерна мисловна интервенција во поетскиот израз, не со цел да се затскрие чувството, туку за да се нагласи автентичноста на поетскиот израз на авторката. Во некои песни од првиот циклус кои се прелеваат во вториот (каква што е, на пример, *Златно цвеќе,* чиј природен продолжеток е песната *Големата Мајка се буди*) има гордост, исправено држење на бабата којашто со еден длабок, митски говор (македонскиот говор од Егејска Македонија зуни во ушите на внуката како непроценлив аманет) го кажува она што внуката со исто име го носи во себе како длабока свест за припадност кон сосила откорнатото и раселено племе од едниот поморски во другиот строго континентален дел на истата земја. Овде *кажувалката* е онаа клучна говорна форма која се предава од генерација на генерација и низ која се чува суштинското национално битие, се работи за пренос на кодовите на егзистенцијата на едно племе кое, иако раселено, успева да се сочува како ентитет**.** *Оваа поетска книга е, всушност, писмено отелотворување на пораките вдомени во усната традиција.*

Од друга страна, мајката пред која клекнуваат сите од фамилијата е продолжеток на баба, таа со рака секому му покажува каде му е местото во животот. Ветрометите на животот оставаат длабоки траги во душата, оцртуваат невидливи лузни на духот на жената, но борбениот став (а не помирувачкиот) кон судбината се во прилог на тезата дека судбината се вљубува во напорот, трудољубивоста, чесноста и настојчивоста на бабата, мајката, внуката – на жената со име Александра, која наспроти негативните конотации на еден или на друг историски период, го чува огништето како клучен симбол на домот!

Третиот циклус е разговор на поетесата со критичарот во себе. Зошто инаку би се подметнувала гласноста меѓу *два молка* (парафраза на Антевите *Две тишини*) или меѓу *две чемреења* (шегобијството на таткото од првиот циклус овде се модифицира во гласноста на ќерката поетеса). Или, пак, зошто би се поставиле редица прашања за тоа како треба да се спакува една песна предизвикана од болка донесена од неизбежната судбина?

Нераскажаните кошмари на поетесата критичарка се разрешуваат со овој трет циклус на поетската книга, која ја надополнува внатрешната библиотека на човекот и жената Александра Јуруковска. Следствено, поливалентноста на оваа авторка се огледува во моќниот дијалог што се води во песната *Мене ми?* Поетесата знае дека интелигенцијата на еден човек и творец не е во тоа да се дадат умни одговори, туку да се постават искриви прашања, во случајот да се распраша и испраша судбината! И повторно тоа свето тројство од жени: баба, мајка и внука засилени со сестрите на првата, на втората или на третата, сеедно... тројство кое од немоќно женско јато пред надоаѓањето на часот на смртта на стожерниот лик – мажот, т. е. таткото, се претвора во моќен хор обвиен во црнина (како во трагедиите на Ајсхил, Малро или Шекспир) кој ја распрашува судбината.

3

Растајнувањето на пораките присутни во првата книга поезија на Александра Јуруковска беа предизвик за мене како еден внатрешен туѓинец, отадеграничник заинтересиран за изданијата во Македонија, читател кој чисто човечки ѝ пристапува на книгата споделувајќи сродно универзално чувство на болка поради физичка загуба на блиско лице, загуба која и самиот ја претрпел, изразувајќи еден вид емпатија кон состојбата во и вон од кругот, но и со длабока свест за една дистинктивна разноликост, оти сепак се работи за „женско писмо" на една по професија строга и посветена критичарка на литературата што создала *поетска книга – крик предизвикан од судбината,* песнарка која соодветствува на духот на наградата *Даница Ручиќај.*



Истанбул, крај на септември 2025 г.



Студија

УДК 82-93:75.056(049.3)

СТРУКТУРА НА КНИГАТА ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ИЛУСТРАЦИИТЕ КАКО ЗНАЧАЈНА КОМПОНЕНТА

Ели Маказлиева

Литературата за деца ја сочинуваат широк спектар на книги наменети за децата или сè што е напишано за нив: книги со бајки, раскази, приказни, басни, сказни, драми, романи, гатанки, сликовници за помали деца, песни за деца и друго. Иако жанрот е дефиниран за децата, и возрасните уживаат во приказни наменети за деца, затоа што често им ги читаат. Литературата за деца е многу битна затоа што влијае на внатрешниот живот на детето. Не постои друг начин детето да ги збогатува своите знаења и сознанија за себе и за животот воопшто, освен преку книга, запознавајќи се со предметите и со појавите што го опкружуваат. Децата често се поистоветуваат со ликовите во приказните и речиси секогаш се наклонети кон ликови што прават добро, што се борат за вистината и правдината. Освен тоа, со помош на пишаниот збор кај децата се збогатува речникот и учење нови зборови, се развива навиката за читање што е многу потребна во подоцнежниот период од неговиот севкупен развој, па така се негува и љубовта кон книгата.

Книгите за деца и сликовниците се основен дел од литературата за деца со векови, а најраните познати примери датираат уште од 15 век. Некаде може да се сретне термин **детска литература.** Тоа најчесто доаѓа од англискиот превод на називот **children's literature.** Логиката говори дека терминот **детска литература** значи дека е литература создадена од децата, а **литература за деца** значи дека е литература созадена за децата. Тоа е мислам основната разлика во македонската терминологија за овој поим.

Структура и концепција на литературата за деца

Како и секоја книга и книгата за деца има своја структура и посебна концепција. Тоа е специфичен вид литература што во својата содржина вклучува **текст и илустрации** со цел да се раскаже приказна или за да се обезбедат информации за темата што се обработува**.** Почнувајќи од корицата што би требало да асоцира на содржината во книгата, претставена е со илустрација во боја. Во некои книги може и да нема на секоја страница слика или илустрација во боја, особено затоа што печатењето во боја чини скапо и тоа ќе ја зголеми цената на чинење по примерок. Исто така, може да нема илустрации во боја во зависност од тоа дали книгата е збирка песни за деца или роман за поголеми деца. Но таа може да има едноставни, несложени или црно-бели илустрации со еден или со малку елементи што се викаат **вињети.**

Книгата за деца е дизајнирана за да ги ангажира децата да развијат одредени вештини за писменост, имагинација, емоционалното разбирање, културна свест, да го стимулира когнитивниот развој да ја поттикне креативноста и значајните односи преку **комбинација од зборови и слики.** Книгата е единствена по тоа што мора да ги задоволи не само интелектуалните потреби на децата, туку и нивниот визуелен и емоционален развој и затоа препорачливо е секоја книга за деца да содржи илустрации.

Текстот и илустрациите е неопходно да функционираат заедно, да бидат во рамнотежа, да имаат еднаква тежина, иако нивниот сооднос може да биде различен во зависност од возраста на детето. Тие се еднакви партнери во секоја книга за деца, неопходни се еден на друг и заедно формираат една органска целина. Некои истражувачи велат дека текстот и илустрацијата во една книга за деца се потребни исто толку колку што се потребни текстот и нотите (музиката) за да можеме да испееме песна. Ова ја прави илустрацијата суштинска, клучна компонента во книгата за деца. Заедничкото функционирање на илустрациите и текстот создаваат целосна, жива хармонија. Илустрациите се значаен елемент на секоја страница, а тоа се илустрации што се во функција на текстот, што го дополнуваат или го дообјаснуваат. Заради оној мисловен процес што кај возрасните се создава читајќи од текст, кај децата се создава читајќи од илустрација (децата визуелно помнат, а детето чита од слика и создава приказна како што возрасните кога читаат текст, си создаваат слика во главата) тогаш ни една книга за деца не може да се замисли без илустрација. Во светски размери **сооднос помеѓу илустративниот и текстуалниот дел** на една страница во книгата е во корист на илустрацијата, особено за помалите деца или во проценти за децата од рана училишна возраст е еднаков на 50 % илустрации, 50 % текст. Подоцна, како што детето расте се ослободува од илустрациите, а текстот процентуално се зголемува.

Во **сликовниците** зборовите и сликите прават единство, па дури и ако детето не знае да чита, сепак може да разбере што се случува на сликата. Тие се естетски привлечни и едноставни за разбирање со цел да го привлечат детското внимание. Сликовниците базирани на приказни концепциски обично содржат поголем процент илустрации, а малку текст.

Според обемот може да имаат до 32 страници, а текстот варира помеѓу 500 и 1000 зборови. Тие се дизајнирани пред сè за деца од предучилишна возраст, но некои за деца од рана школска возраст и обично имаат тенденција да се читаат наглас. Текстот кај малите деца го чита родителот или воспитувачот и тоа помага за полесно остварување на контактот и блискоста помеѓу родителите и децата и воспитувачите и децата. На тој начин се развива желбата за читање, се развива фантазијата, се открива светот.

Што е илустрација во книгата за деца и која е нејзината улога?

Според речникот, илустрацијата е цртеж, слика со која се објаснува или се разјаснува текстот во книгата. Илустрацијата значи илустрирање или истакнување на одредена поента. **Главната цел** на илустрацијата е да пренесе порака до читателите. **Задача** на илустрацијата е да го разјасни значењето на текстот. Во книгите за деца илустрациите се користат за да ги натераат децата да научат да читаат. Илустрациите ја трансформираат едноставната приказна во возбудлива и фасцинантна. Токму затоа илустрацијата игра огромна улога во создавањето на една книга за деца. Но не секоја илустрација што понекогаш е само декор, туку онаа добра илустрација што зборува наместо текстот, што соодветствува на возраста на детето, со живи бои и приказ на дејство, динамичност, а не статичност. Илустрациите во книгите за деца се неопходни, затоа што им овозможуваат на децата начин на разбирање на текстот, па дури и раскажување според слика, особено во раното детство. Илустрациите играат **клучна улога** во развојот на детето затоа што го поттикнуваат менталниот развој со тоа што им овозможуваат на децата да замислуваат апстрактни работи, но исто така им помагаат на децата да ги разберат и да ги идентификуваат работите со кои се среќаваат во секојдневниот живот. Тие го олеснуваат разбирањето на зборот поврзан со слика и играат суштинска улога во раскажувањето приказни. Без разлика дали станува збор за класична бајка или модерна авантура, визуелниот аспект ја збогатува детската желба за читање. **Виталната улога** на илустрациите во книгите за деца како фундаментални елементи го збогатуваат мисловниот процес кај детето, да размислува и да извлекува заклучоци за приказната, да ја обликува својата перцепција за светот, да ги развива клучните когнитивни и емоционални способности. Илустрацијата, исто така, е одличен медиум за едукација на децата, ја поттикнува креативноста, особено ако таа е дел од приказната.


Илустрацијата е важна затоа што децата реагираат на сликите во книгата полесно отколку на зборовите. Тие дури и ја паметат приказната раскажана со илустрации отколку преку многу зборови. Секоја книга бара уникатни, креативни илустрации, што ќе ја доловат имагинацијата. Илустрацијата има моќ да ја разгори имагинацијата и да ги оживее приказните на начини на кои зборовите сами по себе не можат.

Интерактивната илустрација на едната страница и текстот спроти неа им помага на децата да се забавуваат. Освен тоа илустрациите го разубавуваат текстот со избор на бои**,** покажуваат делови од светот што детето не ги видело, воведуваат шарм, хумор или драма преку композицијата на сцената. Тие ја развиваат **визуелната писменост** што значи способност за толкување и разбирање визуелни информации**.** Освен тоа илустрациите имаат единствена **визуелна експресивност** што само со зборови не може да се постигне, а тоа значи одразуваат и пренесуваат емоции на ликовите (радост, тага, лутина, страв) преку изразите на лицето (среќен, тажен, лут), преку говорот на телото на ликовите што го олеснува разбирањето на нивните емоционални состојби. Оваа врска ја негува емпатијата, учејќи ги децата да ги препознаваат и да ги разберат емоциите кај себе и кај другите.

Заклучок

Книгите за деца содржат **текст и илустрации**. Илустрациите не се само шарени слики туку тие се витална, клучна компонента во секоја книга за деца. Детето со помош на илустрацијата ја доживува приказната со подобро разбирање, кај него се стимулираат и се развиваат повеќе аспекти од развојот. Текстот и илустрацијата заедно во книгата создаваат живи светови, илустрациите им вдахнуваат живот на зборовите и ја развиваат и ја негуваат доживотната љубов на децата кон литературата. Иако технологијата од ден во ден продолжува да се развива и се појавуваат нови медиуми за децата, книгата за деца никогаш не го губи својот примат и улогата на илустрациите ќе продолжи да биде од суштинско значење во поттикнување на доживотната љубов кон читањето и учењето.

За авторката: Ели Маказлиева е писателка за деца, поетеса за возрасни и деца, магистер по педагошки науки, уредничка на безброј книги и организаторка на повеќе литературни настани. Таа е авторка, програмски уредник и тим лидер на голем број домашни и меѓународни проекти и литературни манифестации. Добитник е на повеќе меѓународни и национални награди, меѓу кои и традиционалната награда „Ванчо Николески“ за најдобра книга за деца и млади на Друштвото на писателите на Македонија. Дел од нејзините книги се преведени на неколку јазици. Нејзини песни се објавени во многу антологии, зборници, збирки, списанија, учебници. Основач е на фестивалот на поезија за деца СТИХУВАЛКИ и е програмски уредник на ОСУМ изданија до 2025. Авторка и програмски уредник е на литературната манифестација ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА во македонските културно-информативни центри во Софија (2019 и 2020), Истанбул (2021), Загреб (2023) и Белград (2025). Авторка е и програмски уредник на повеќе книжевни проекти за деца. Идеен творец, уредник и автор е на месечното списание за деца СУПЕР СМЕШКА од 2013 до денес, АВТОРКА И КОАВТОРКА е на над 80 книги, поезија и проза за деца и возрасни, учебници, прирачници и боенки. Со повеќе децении искуство во пишување, уредување и обликување книги за деца таа посветува голем дел од времето во соработка со илустраторите за да се создаде добра книга за деца што ќе оживее со помош на илустрациите.



Необјавен расказ

УДК 821.163.3-32

СЕНКИ НА ТАВАНОТ

Ана Бунтеска

Имам четири или пет години. Просторијата во која сум е широка и со многу боички, листови хартија, играчки. Навидум шарена и детска, но белината на ѕидовите ме вознемирува. Седната сум на дрвено столче во боја на која не се сеќавам и редам коцки. Мајка ми и жената која е со високо тапирана коса шепотат, одвреме навреме погледнувајќи накај мене. Не сакам коцки, не сакам ништо со остри рабови. Сакам кружни и меки форми кои ми носат некое чудно задоволство или утеха. Ловам по некој збор, наслушнувам делови од реченица. "Не е ништо загрижувачко", "Мокрењето во кревет е најчесто знак на страв од одвојување", "Тестовите се и повеќе од задоволителни за нејзина возраст". Ништо не разбирам, или поточно, не ме интересира. Знам зошто сум тука и зошто е мајка ми загрижена.

Ноќ е. Спијам во мојата соба, во блокот во Градски ѕид, или барем лежам, гледајќи ги сенките на таванот кои се појавуваат и исчезнуваат од светлата од ретките автомобили кои доаѓаат на паркингот. Ме боли долниот дел од стомакот, ми тежи. Се подместувам, мислејќи дека болката ќе исчезне. Како и секоја вечер, така и оваа се лажам дека ќе ми помине ако не мислам на тоа. Кога веќе ми доаѓа да плачам од болка, полека ги отпуштам сите мускули и не ја задржувам мокрачата. Отпрвин ми е убава топлината која ја чувствувам кога ќе се измочам во креветот. Знам дека треба да станам и да одам во тоалетот, ама телото ми откажува послушност. Се стуткувам уште повеќе во ќебето и лежам со отворени очи. Не мочкам во сон, мочкам свесна и разбудена. Потоа доаѓа оној помалку убавиот дел, кога станува студено и е непријатно мокро, но сепак не се помрднувам. Кај и да е, мајка ми ќе дојде во мојата соба, а јас ќе ги стиснам очите како да спијам. Нежно ќе ме пресоблече, ќе стави нов шушкав материјал под чаршафот за да не пропушта и ќе ме легне повторно. Заспивам дури отпосле, спијам убаво и цврсто.

Утро е. Седам на трпезариската маса и ги клатам нозете. Молчам кога ме прашува дали чувствувам кога ми се оди во тоалет. Молчам и ги грицкам корките од пржените лепчиња, кои се крцкави и вкусни. Молчам кога ме прашува дали ме боли нешто, молчам кога ја врти главата, а очите и' се полнат со солзи. Молчам со лице кое ништо не покажува. Мислам дека од мала знаев да плачам однатре, во себе. Седнуваат со татко ми во дневната соба и пијат кафе. "Не требаше да ја оставиме сама" вели мајка ми. "Не дозволуваа, знаеш. Одевме секој ден, секој ден", татко ми тивко одговора.

Не ја памтам Костозглобна, не го памтам креветот, не памтам дали ме болеше ногата. Го памтам чувството дека бев сама, дека бев оставена. Сама. Ја памтам сестра Сиче, чија фотографија ма која сум седната во нејзиниот скут, сè уште стои во некој стар албум кај моите. Питома насмевка, нежен допир. Ми мирисаше на болница, цветен парфем и добрина. Уште од мала можев да намирисам кои луѓе се добри, а кои не. Тие мириси ги носам некаде длабоко скриени во мене и до ден-денес.

Прво бев во корито со гипс, а потем со апаратче. Вродена аномалија на колкот. Не памтам колку време бев таму, само знам дека еден ден моите ме зедоа со колата и ме однесоа на море. Уште од првата вечер се измочав во креветот од најмената приколица.

Оттогаш не сакам пржени лепчиња, ме потсетуваат на молк. Често ги правам за ќерка ми, ама не ги јадам. Оттогаш не сакам ништо што е како мушама, не ги сакам ниту сенките на ѕидовите. Не сакам остри ивици, дури ни кога ми е срцето искршено. Со турпија за нокти ги заоблувам врвовите за да не ме боцкаат.

Една ноќ само станав кога ми се примоча. Телото ми стана само, без да мислам на тоа дека треба, дека мора. Се вратив во топлиот кревет, ми беше чудно што е суво. Не спиев цела вечер, дури не ни одглумив кога мајка ми влезе на сред ноќ. Само изустив "Мочкав прееска во шољата" и се завртив од другата страна. Следниот ден побарав палачинки за појадок, само така, без да ги мачкам со било што.

Ја најдов сликата со сестра Сиче, не знам дали се викаше така или јас ја нарековме Сиче. Детето кое ме гледа одамна го нема, не го препознавам. Косата и' е потстрижена под уши-те, образите се обли и црвени, како на ќерка ми кога беше мала. Знам дека сум јас, ама и не знам затоа што немам никаква конекција со очите на тоа полничко и насмеано детуле кое е во пижами со дебели линии и има завој на едната нога. Ми доаѓа да вреснам, ми доаѓа да им кажам на моите дека не се тие виновни, дека направиле тоа што морале да направат за да можам да одам нормално. Ми доаѓа да побарам прошка за молкот, ама од мене не излегува глас. Одам и ги гушкам еден по еден, силно и долго. Мислам дека знаат што сакав да им кажам, а долго време не можев, не знаев како.

Ми остана само стравот од напуштање, затоа и не си дозволив љубов. Љубев само тогаш кога знаев дека нема никогаш да бидам со некој, за да не останам сама. Иако знам, знам во себе дека помеѓу оние „се раѓаме сами" и „умираме сами" зјае една празнина која еден ден ќе ја исполнам со топлина во другата половина од креветот во кој спијам. Сама.

УДК 821.163.3-1

Бабини деветини



Мартот многу време мени,
па се лажат стари жени.

А секоја баба знае
да претскаже време лошо
со настинка.
Таа бае:
— Мразот веке ете дошол.
Збори баба:
— Снег ке вее!

А пак утре солнце грее,
зраци сее,
на бабата и се смее.

Токму баба предполага
март ке мине,
а ветерот со се снага
гранки кине.

Сега баби што да праат?
Ако траат,
тие знаат
на нивните деветини
точка клават.

И одново глас се крева:
— ишијасот се смирује
претскажуе
од утре ке никне трева.

Нити трева нити цвекја,
витка баба стари плекја,
нема срекја.
Пролет не е,
снегот вее
ко од врекја.

Од ден на ден вездѐн така
се се мени — пуста мака.
Баба не е барометер
да претскаже,
да излаже:
Снег ке биде или ветер.

С. Јаневски





Проза

УДК 821.163.3-32

ЗОЈА ОД ОДЕСА

Марија Воденска

Во Григ паркот во Бруклајн се израдував на првите расцутени дрвја со чудесна глетка! Развигорецот тивко пиркаше и го брануваше цутот кој се виореше наоколу. Попатно нежно се вплетка во русите коси на девојчето и во седата коса на баба и'. Се прошара розовина како попатен облак и се распосла врз тревнатиот зелен ќилим.

Приседнав на клупата наспроти расцветеното дрво, што како украс се издвојува од околните постројки за игрите на децата. Децата истрчуваа од една на друга справа, од лизгавите тунелчиња до лупките и занесени во игрите и дружењето се валкаа по безбедната мека постава над земјениот простор низ целиот детски парк за игра. Овде децата се заштитени од повреди при паѓање и неконтрола во игрите. Неспретни во игрите се поттурнуваа, но никогаш во изминатите четири години не забележав да се скараат или да посегнат еден кон друг. Загледана во

палавоста на децата размислувам: Сите деца се само деца, кои во дружење и игра еднакво растат, но на различни простори не се со еднакви можности за посреќно детство.

Со таа мисла се премостив преку Атлантикот до селото во кое бевме дојдени од домовите кај родителите, кои беа избегани од Егејска Македонија, по капитулацијата на Граѓанската војна во Грција.

Жената која ја надгледуваше својата внучка, прва проговори и ме праша за децата, заради кои сум тука и кои повремено идеа кај мене да се напијат водичка. И' кажав дека не сум бејбиситерка, а сум им баба по мајка им. Откако се запознавме, разговорот го продолживме на руски јазик.

Ја распрашав за војната во Украина. Замолче, а потоа задгрлено продолжи да раскажува:

Родена сум во Одеса. За време на Втората светска војна, бегавме од едно село во друго, од еден град во друг, и во налетот на Германците беше страшно. Војната не' затекна во Одеса. Живеевме во петоспратна зграда на улица "Полскаја" број 13 и апартман 13. Една квечерина во месец јуни, мислам беше 22, над градот се чу звук на авиони. Мајка ми и татко ми беа симнати во дворот, а јас од балконот на катот ги посматрав авионите кои налетуваа еден по друг и заминуваа. Така заминаа пет авиони, а шестиот неочекувано пушти бомба која падна во близина на нашата зграда. Се прибрав во големата одаја и побрзав да се симнам по скалите од спротив страна на балконот. Дури ни денес не можам да се сетам како не се струполив во амбисот. Скалите беа срушени и јас останав преплашена. Се вратив во одајата и по темнина се симнав по споредните скалички до долу. Во дворот го видов татко ми како се раздвижи од натрупаната земја и почна да ја откопува и мајка ми, која беше ранета во рамото и ногата. На татко ми му потече крв од главата и беше ранет во раката. Имаше викот и плач од многу луѓе.

Романците беа во сојуз со Германија и тие први влегоа во Одеса. Грабеа се' што ќе им дојдеше до рака. Беа наоружани и почнаа да го собираат народот. Утредента уште од раното, ние се преселивме кај баба ми која имаше отидено кај вујко ми исто во Одеса но тој дел не беше бомбардиран. Таму останавме до есента, кога на Евреите им заповедаа да отидат во селото Далник и таму да се пријавуваат. Селото е оддалечено околу дваесетина километри од Одеса. Под силното оружје и грубото однесување на Романската војска, на удар во првите редови беа еврејските семејства, а потоа и целото население. Грабеа од домаќинствата се' што ќе им дојдеше до рака, а убиваа кого ќе стигнат. Ако некој се противеше на лице место беше убиен. Цели семејства бевме упатени во Далник.

Татко ми се одвои малку наназад и ја повлече мајка ми со мене. Татко ми знаеше за мините кои беа поставени од Романците околу селото Далник. Евреите беа првите кои требаше да поминат преку мините кои беа поставени околу селото. Татко ми не е Евреин, но мајка ми беше полуеврејка, по мајка и'. На крајот од населеното место имаше една запуштена полуурната куќа и татко ми набрзина не' повлече и се скривме зад ќошето, а потоа се симнавме во подрумот. Тука останавме да преноќиме. Утредента уште раното се упативме да се вратиме наназад, за да одиме кај вујко ми и баба ми. На враќањето не пресретна една романска заседа. Татко ми му објасни дека ние не сме Евреи, но тие не поверуваа и татко ми го поведоа во една од ограбените куќи и тука му ги собуја пантоло-

ните и гаѓите за да го проверат дали е обрезан. Така се спасивме од оваа заседа и продолживме во селото кај баба ми. Потоа продолжија да ги забираат Евреите и во долги ешалони ги депортираа во логори. И мајка ми замина за да бидам спасена јас, а бев една на мајка и татко. Неа ја спроведоа иако беше многу тешко болна од бомбардирањето во Одеса.

Во Одескаја Област имаше многу изградени логори во бараки за Евреите. Мајка ми беше во логорот Савкос Врунѕев, во Красное село, кое е оддалечено 160 километри од Одеса. Овде имаше Евреи од Полска од Романија и од ближните градови. Сите забрани во логорите работеа во полето, а Германците секојдневно ги застрелуваа неспособните за работа. Имаше една жестока жена во германската војска, која секојдневно застрелуваше по дваесетина мажи. Романската војска заедно со Германците пленеа по куќите, а остатокот од луѓето беа евакуирани дури до Урал. Тука Германците не стигнаа до крајот на војната. Многу од Рускиот народ кои беа евакуирани, до крајот на војната останаа во Урал. По војната почнаа да се враќаат во своите разрушени домови. Мајка ми не се врати и многуте еврејски семејства кои беа погубени во логорите.

Војната е страшна и безумна, како и сегашната војна во Украина, продолжи да раскажува Зоја. Имам роднини и често сум во контакт со нив. Безумието придонесе за граѓанската војна во Украина.

Зоја Књажитскаја, така ми се претстави, ја заврши својата незавршена приказна со солзи, кои капеа заедно со цутот од дрвјата. Ветрето пиркаше откај Атлантикот и таа кротко ја подзеде внучката за рачето и заминаа на трамвајската станица Бруклајн Вилич за Њутон Центар. Почна да се потзастемнува и да заладува. Во Њутон, предградие на Бостон со број на жители повеќе отколку во самиот центар на градот, сообраќа Зелената "Д" трамвајска линија.

Кога денот одминува, од висорамнината на Вабен, зајдисонцето најдолго патува. Пред да се спушти во Океанот, зажарува топка од светлина, која меѓу горостасните дрвја во прашумските предели, зраците се пробиваат ниско низ густиот разлисток и се прекршува светлината во розови и портокалови нијанси. Штом ќе згаснат и последните сончеви преливни зраци од зажарената топка која плива во хоризонтала. Сонцето потонува во Океанот и набргу се смрачува.

(Њутон МК, 15.4.2015)



Необјавена поезија

Фото: Горазд Николоски, Виетнам, 2025

УДК 821.163.3-1

„ГОЛИ ПАРАБОЛИ“

Васо Николоски

Голи Параболи

Посветена на мојот пријател,
Александар Прокопиев

И јас како
стариот баснар одоколу
пеам во параболи
како од мајка родени
голи.
Од коприва лоша
добра чорба бива
но и лавов венец
за мојата гола глава
Според вкусот
изберете едно или
друго
Тоа што се јаде / јадете!
господ здравје
нека ви даде!
Тоа што се носи
под гола глава
темето ми го гори
мозокот ми го пржи
Таква е
поетската слава.

Старо добро вино

Кога доаѓаа
поети
кај мене дома
Весна ги служеше
со стари добри
домашни вина.
Пијачките траеа
до зори
Пред да си одат гостите
на масата оставаа
по една нивна
напишана песна.
Не знам дали
Весна е во рајот
или рајот беше во неа.

Еве ме

Еве ме
доаѓам
да не чекаш
Еве ме
тоа што го
чекаш
да не го дочекаш
Еве ме
тоа што
се чека
никогаш нема
да се дочека
Еве ме
дрвото и
човекот
илјадници години
одат заедно
со својот сон
Еве ме
доаѓам
дај боже
да дочекаш.

Сликање на подводен камен

Ги одбрал
сите бои на природата
и од нив
создал
своја боја
за да може
да слика икона
на еден
подводен камен
Вода води
вода оди
можно е
голема слика
да се роди
Кога чуле тоа
полумртви риби
скокнале
од подводните гробови

Не сиот

Посветена на Ангел Димовски -Чауш, вајар

Нема да
умрам сиот

По мене
оставам
некакво дело

Песни, песни, песни
како едно цело

Читање книга

Посветена на Д-р. Тамара и нејзиниот
сопруг Душко - архитект и на нивните две убавици
Срна и Лија. Сите од Тетово.

Не би можел
да те научам
што значи
нешто да знаеш
секојдневно се менува
нешто
секојдневно
се учи по нешто.
Ти тоа сам
можеш да го сториш
ти многу луѓе
познаваш
ти самиот себеси
не се познаваш
малу од малку
земи да читаш
читај
да видам до каде си
зборувај
да видам со кого сум
да разберам
кој си ти.





УДК 929Гаџова Свидерска, С.

IN MEMORIAM: СЛАВИЦА ГАЏОВА СВИДЕРСКА (1.7.1984- 12. 11. 2025)

Славица Гаџова Свидерска (1 јули 1984 – 12 ноември 2025) - поетеса, научничка и есеистка. Таа беше доктор по филолошки науки и лекторка по македонски јазик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и на Факултетот за странски јазици во Тирана. Во својата богата кариера остави впечатливо творештво во областа на поезијата, есеистиката и книжевната теорија. Нејзините дела се преведени на повеќе јазици. Меѓу нејзините најпознати поетски книги се: „Бесконечност“ (2001), „Писма“ (2012), „Политики на љубовта“ (2015), „Тела“ (2016), „Политики на стравот“ (2021), Golgotha Feminarum (2023) и „Мистичен си свету“ (2025). Авторка е на значајни научни монографии и есеистички книги, меѓу кои: „Книжевноста и дискурсите на моќта“ (2013), „Книжевноста и политичкото насилство“ (2018) и „За смислата и за апсурдот“ (2017).

ЛУЃЕТО ФОТОГРАФИРААТ СЀ ШТО ЌЕ СТИГНАТ

Луѓето фотографираат сè што ќе стигнат
своите растрчани деца и ветрот во нивните коси
порцијата со храна пред да ја изедат
сонцето во различни агли на небото
необични куќи и стари возови
две старици во паркот со долги плетенки
Тие сакаат да го замрзнат
она што постојано тече
Тие сакаат да го дофатат она
што постојано одлетува
Луѓето фотографираат сè што ќе стигнат
си замислуваат
дека можат да чекорат наназад
да се движат обратно по врвиците на времето
сакајќи од неговите црни дупки
повторно да направат ѕвезди
Луѓето фотографираат сè што ќе стигнат
велосипедите што веќе ги одминале по патот
и велосипедистите што веќе никогаш нема да ги видат
фотографираат се што ќе стигнат
создаваат спомени
и ненаситно ги консумираат
кога се гладни и жедни за траење
сакаат што повеќе да трае
песокта повторно се измолкнува низ прстите
а тие сакаат
само малку
само малку

вечност

VIA DOLOROSA

Некои патишта
мора да ги поминеш
бос, по ситно искршено стакло
по мраз создаван со милениуми
на лакти, по жежок пустински песок
гребејќи со нокти по карпите
навалени на работ на провалијата

Некогаш
мора да стапнеш и на лава
некогаш, без да знаеш,
ќе згазнеш и врз черепи
мртви галеби, град на мравки
врз некој црв кој штотуку го изел
своето стракче трева

Некои патишта
мора да ги поминеш
носејќи се себеси в раце
одејќи на раце
скокајќи на една нога
пливајќи во жива кал
секогаш држејќи се за сламка

А некогаш ќе можеш
да одиш

и по вода

ВНАТРЕШНИ ГРАДОВИ

Во малите тела
скриваме по неколку
градови
Кога кашламе
ги исфрламе издувните гасови
на автомобилите од нивните патишта
На лицата ни се испишуваат
линиите од нивната историја
Штом дрвјата во градовите расцутат
потскокнуваме од радост
Штом езерата и реките им се прелеат
плачеме и крвавиме
Кога ги затвораме очите
се спуштаат ролетните
на домовите во нас

во нив живеат луѓе
од некои можни животи



УДК 929Сталев Поповски„ Г.

IN MEMORIAM: ГЕОРГИ СТАЛЕВ ПОПОВСКИ (22. 4. 1930 – 30. 12. 2025)

На 30 декември 2025 г. во деведесет и петтата година од животот нè напушти најстариот член на писателската асоцијација, Георги Сталев Поповски.

Тој беше поет, прозаист, преведувач, драмски писател, научен работник и поранешен универзитетски професор, доктор по филолошки науки. Сталев Поповски завршил Филозофски факултет во Скопје.

Помеѓу другите ангажмани, бил и долгогодишен уредник на списанието „Современост". Бил член на ДПМ од 1956 година, првиот член на Друштвото примен во Асоцијацијата по заслуга на своите достигнувања како книжевен преведувач.

Бил добитник на голем број награди, а помеѓу кои (двапати) наградата „Димитар Митрев" на Друштвото на писателите на Македонија за книжевна критика и есеистика, наградата „Златен лавров венец" за најдобар драмски текст на фестивалот „Мали и експериментални сцени" (МЕС-Сараево, 1972), наградите „Григор Прличев" и „Кирил Пејчиновиќ" за книжевен превод, медалот од Фондот „Лермонтов" во Москва, македонските државни награди „11 Октомври" и „Св. Климент Охридски", како и наградата на град Скопје „13 ноември". Георги Сталев Поповски.


Омаж на проф. д-р Георги Сталев Поповски

На 17 февруари 2026 година, во Салата за седници на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во 12 часот се одржа омаж на проф. д-р Георги Сталев Поповски. За наставната, научната, творечката и преведувачката дејност на Сталев зборуваа професорите Венко Андоновски, Зоран Анчевски, Лорета Георгиевска-Јаковлева и Трајче Стамески. Омажот го организираа Филолошкиот факултет во координација со Институтот за македонска литература, Друштвото на писателите на Македонија и Македонскиот ПЕН-центар.

Во издание на Здружението за уметност и култура „Дијалог" од Скопје во 2025 година излезе од печат книгата „Аспекти на македонскиот книжевен реализам" од доајенот ма македонката литература Георги Сталев. Со оваа објава се одбележаа 95 години од раѓањето на писателот и 70 години творечка дејност.

Во првиот дел од книгата, Сталев понудува обемна студија за историските аспекти на повоената македонска литература, а потоа ги подложува на анализа реалистичките особености во романескните и раскажувачките опуси на триесетина современи македонски писатели.

Книжевните истражувања на проф. д-р Георги Сталев се во знакот на задлабочени анализи кои во исто време ги фиксираат спецификите и вредностите во делата на македонските писатели, од една страна, и од друга: неговите видувања во врска со предметните теми ја градат генералната слика на развојот на македонската литература преку нишката на реализмот како доминантна книжевна определба. Со тоа оваа книга претставува своевидно надополнување на авторовите заложби за презентирање на суштествени појави во литературата. Станува збор за значајна книга – студија, која има за задача да фрли сноп светлина на многу важни прашања од развојот на македонската литература. Со еден ваков проект, македонската книжевно-критичка, есеистичка и научна мисла добиваат неодминливи страници во третирањето на книжевните појави, процеси и вредности кај нас.





УДК 929Димчев, Димо Н.

IN MEMORIAM: ДИМО НАУМ ДИМЧЕВ (ДИНА КУВАТА) (9.7.1952- 14.12.2025)

ВЛАШКИ ПИСАТЕЛ И АКТИВИСТ ЗА ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРАВА НА ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Почина Димо Наум Димчев, чие влашко име е Дина Кувата, активист, писател и општественик кој е меѓу најзаслужните од Власите во Македонија. Имаше 73 години.

Кувата е основач и прв уредник на редакциите за влашки јазик на МРТ, претседател на Унијата за култура на Власите од Македонија и на здружението „Питу Гули“ од Скопје, како и основач и прв претседател на Лигата на Власите од Македонија и еден од основачите на Демократскиот сојуз на Власите.

Заслужен е за внесувањето на Власите во Преамбулата на Уставот на Македонија; за внесувањето на Националниот ден на Власите - 23 Мај во Законот за празниците на Македонија и за воведувањето на факултативната настава по влашки јазик во основните училишта во Македонија (1995/96).

Признат и познат влашки поет и писател од Македонија и надвор од неа, тој е единствен Влав, публицист, кој беше член на Друштвото на писателите на Македонија. Беше извонреден преведувач од влашки на романски, од романски на македонски и од македонски на влашки. Единствен е кој од романски на влашки јазик ја преведе Библијата, ги има преведено и објавено најнеопходните книги за одржување богослужба на влашки јазик, како и „Божествена комедија“, „Илијада“, „Одисеја“, „Енеида“, „Шах-Наме“; „Песна за Нибелунзите“ и многу други книжевни дела во кои обработува теми за историските и современите текови и процеси на Власите.

Опусот на неговиот книжевен фонд изнесува нешто повеќе од 120 книги за Власите и 64 изданија на единственото списание на влашки јазик во Македонија „Влашкиот збор“, а и првите броеви на списанието „Феникс“ на влашки јазик беа негова идеја и реализација.

Основач е на Влашкото научно друштво „Константин Белемаче“, со издадени 29 броја на списанието „Документи“, во кои се објавени 200 научни трудови за Власите. Коавтор е и на првиот влашки „Абецедар“ со кој започна процесот на изучување на влашкиот јазик во Македонија.

ПЕСНИТЕ – БУДЕЊЕТО НА АРОМАНЦИТЕ

Ги напишав, ги стокмив моите песни,
Ги покрив со волнена јамболија
И ги оставив да преспијат малку.
„Нека ги, нека стасаат“, си реков.
Моите песни треба да се зрели
Како умните луѓе.

Од нив се чека голема работа, света.
Тие ни се татковината,
Тие ни се Пиндската Епископија,
Москополската Академија,
Буквите на печатницата
Рафтовите и сигнатурите на Библиотеката...

Се збрало во нив сè што било најумно.
Така стасани, зрели и презреани,
Тие станаа црковни звона
Кои надалеку го најавуваат
„созревањето“ на Ароманците.



УДК 929Јанчовски, Т.

IN MEMORIAM: ТИХОМИР ЈАНЧОВСКИ (24.8.1967 - 30.1.2026)

Како мала прегратка од Небото: на крајот од јануари, на денот на Св. Антониј, основоположникот на православното монаштво, физички нѐ напушти нашиот најревносен почитувач на овој светец, нашиот драг Тихомир Јанчовски: поет, писател, преведувач, професор, музичар, издавач, автор на над триесет книги, пред сѐ поезија, преводи и (поетски) романи, како и една книга историја („Историја на православното монаштво на територијата на денешна Република Македонија“, Сигмапрес, Скопје, 2010).

Избори од неговата поезија се преведувани и објавувани во различни литературни списанија, застапен е во голем број антологии, а четири од неговите книги се преведени на други јазици. Преведуван е на англиски, француски, словачки, хрватски, албански, босански, грчки, германски, српски, полски, грузиски, персиски и италијански јазик.

Тихомир Јанчовски, со својата автентичност и креативност останува еден од најомилените наставници на повеќе генерации средношколци во гимназијата „Орце Николов“, во меѓународното училиште „Нова“ и во Американската гимназија во Скопје. Нека му е вечен споменот!

КАЛТА Е ОД ЗЕМЈА И ВОДА

Еден ден, нема да ги отвориш очите
тоа бездруго ќе значи дека си умрел
или ќе ти останат втренчени и без сјај
и некој ќе ти ги склопи со дланка
за да не ги плаши, погледот
со безживотни стаклести длапки
матен, блед и страшен
вкочанет и вечен
Сум гледал вџашен како умира куче
и како умира човек
исто е.
Има три мига,
раѓање, венчавка и смрт
конечно, тие се бројат
и само еден од трите
е избежен
за секое суштество
животните не се женат
ни растенијата
ни камењата
браковите на океаните и копната
траат предолго за да бидат сфатени
Калта е од земја и вода

ОДАМНА НЕ СЕ ПЛАШАМ ОД НИШТО

Одамна не се плашам од ништо
и си го барам, со огин што гори
и не изгорува
одамна не му верувам на умот
кој е бесно куче што лае
и не може да престане
одамна памтам и го знам дека лаже
толку пати ме излажал што веќе
нема шанси да му дадам да ме води
далеку од места и предели
што не му се познати
тој е невиден зихераш
копиле гладно и жедно
по моќ и груби задоволства
пријател ми е стомакот
тој е искрен и прост
и не знае да лаже
гладен е непогрешлив
а кога е сит му се повраќа
ми вели да ги одбегнувам
оние чие присуство
му создава тежина и тегобност
и да се држам до оние
од кои му е весело и лесно
или скокотливо
не се битни кажаните зборови
ниту искажаната намера
лагата е одвратна
во ласкавецот има сотона
што ти ја мерка душата
и сака да пие црна крв
и да ја меша со својата
бегај од човек што
ти прави цигла во стомакот
и ти го мрачи денот
не давај умот да те лаже
дека циглата си ти, не си
држи се до пеперутките



УДК 929Лозаноски, В.

IN MEMORIAM: ВАНЃЕЛКО ЛОЗАНОСКИ (18.8.1945 – 17. 2. 2026)

На 17 февруари 2026 година почина писателот Ванѓелко Лозаноски. Ванѓелко Лозаноски беше поет, драмски писател и романсиер, роден во с. Белица, Кичевско. Тој завршил В. П. Академија во Скопје, група историја и географија.

Дипломирал на универзитетот на Св. Кирил и Методиј во Скопје на Филозофскиот факултет, група македонски јазик и литература. Од 1975 г. до своето пензионирање работел како наставник по македонски јазик во средното училиште „Крсте Петков Мисирков“ во Демир Хисар. Бил член на ДПМ од 2014 г., а членувал и во Македонското научно друштво од Битола.

Автор е на збирките песни: „Орхидеја“, „Молика“, „Одблесоци на љубовта и мудроста“, поемата „Пехар за воинот на мислата и зборот“, драмите „Гоце Делчев“ и „Заветот на родната Македонија“, романот „Егејска солза“ и на други дела. Нека му е вечен споменот!

МОИТЕ ПОХОДИ

Да се затворат
илјада прозирци
и илјади врати
пред мене,
не се плашам.
Од мојот дух
и моите дела
ќе се отворат
многу повеќе.
Но се плашам
од твоите оштри погледи
и нагласени тешки
зборови.Тие како стрели
се бодат во мојаа душа.
Раните се лечат, но повредите од
од зборовите не се лекуваат
Силно Бодат и горат.
Но Има да најдам сили
Да се избирам !

И СОНЦЕТО ОГРЕВА КОГА СИ КРАЈ МЕНЕ

Дојди, побарај ме
По нашите таинствени,
скришни, места и
патеки.
Крај езерото,
по течението
на реката.
Низ улиците и
Дрворедите.
Не е битно
Колку си
Строга,
лута
Љубезна,
Лоша
Или
Добра.
Дали си
Со солзи,
Или насмеана.
Со развиорена
Или нечешлана коса.
Само едно е важно
Да си ти со мене
Крај мене.
Кога сум крај тебе
се буди пролет во мене
Како да сум ја напуштил
Пустината
И сум се преселил во оаза
И ветерот, те моли, те повикува
И цветовите
И птиците Дојди!
Сонцето да
Не огрее!
Дојди избори се
Пронајди ме!
Да се прегрнеме
во круната на сонцето.

АЛЕКСАНДРА ЈУРУКОВСКА СО „ТКАЖАЛКИ“ ЈА ОСВОИ НАГРАДАТА „ДАНИЦА РУЧИГАЈ“

Добитник на наградата „Даница Ручигај“ за најдобра необјавена поетска книга е збирката песни со наслов „Ткажалки“, чиј автор е Александра Јуруковска, реномирана книжевна критичарка и новинарка од областа на културата. На конкурсот, кој за членовите на ДПМ беше отворен од 18 јули до 18 август, пристигнаа вкупно 10 ракописи од седум поетеси и тројца поети. За изборот на победничкиот ракопис одлучуваше тричлена жири-комисија во состав: Лулзим Хазири (претседател), Весна Ацевска и Сузана Мицева (членки).

ДОДЕЛЕНА НАГРАДАТА „ВАВИЛОН“ ЗА НАЈДОБАР МЛАД ПРЕВЕДУВАЧ

На 7 ноември 2025 г. во Друштвото на писателите на Македонија, во свечена атмосфера се одржа врачувањето на наградата „ВАВИЛОН ЗПРМ“ за најдобар млад преведувач, која оваа година беше доделена по дванаесетти пат. Добитничка на наградата е Марина Иванова од Кочани, за превод од англиски на македонски јазик на извадок од книгата „Земјата на живите и мртвите“ од Шона Лорес. Покрај главната награда, беа доделени и три пофалници за најуспешните преводи.

ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

На 30 ноември 2025 г. претседателот Ж. Гроздановски потпиша меморандум за соработка со претседателката на Здружението на лекторите на Македонија, проф. д-р Елизабета Бандиловска. Главни точки се однесуваат на споделување на позитивни практики во работењето на двете Здруженија, како и заедничка организација на настани со цел подигнување на стандардите во работењето во обете професии. Поттикнувањето на добросостојбата во книжевната и во културната средина воопшто зависи од соработката помеѓу сите активни чинители во сферата.

ПРОМОЦИЈА НА КНИГА: „Она што се памети живее“, или „Никогаш докрај раскажани приказни“ (Скопје ДПМ, 2025);

На 26.12.2025 г. во свечената сала беше промовирана книгата „Она што се памети живее“, или „Никогаш докрај раскажани приказни“ во издание на ДПМ. Како промотори, со Катерина Богоева разговараа Адем Абдулаху, Јелена Лужина, Снежана Младеновска-Анѓелков, Александар Кујунџиски, Диме Ратајкоски, Огнена Никуљски и Гордана Михаилова-Бошнакоска, кои споделија сеќавања за Абдилазис Исламви, Јадранка Владова, Благоја Иванов, Блаже Конески, Данило Коцевски, Коле Чашуле и Михаил Ренџов, но и за други свои колеги писатели и уметници на кои со радост и со уважување се сеќаваме. Пред присутните свој настап имаа гудачки квартет од Факултетот за музичка уметност од Скопје (Бојана Митковска и Марија Ристовска на виолина, Виктор Манев на виола и Сара Илиевска на виолончело), како и Петар Ренџов, кој на гитара изведе една од композициите од неговиот албум „Темјаника“. „Она што се памети живее“ („Никогаш докрај раскажани приказни“) е првиот наслов кој е продолжение на рубриката „Амаркорд“ во „Стожер“ на ДПМ. Во книгата се прави чествување во прво лице раскажани спомени од животите на поранешни членови на Друштвото на писателите на Македонија. Освен во Скопје, се планира книгата да има свои промоции и низ други градови низ Македонија, на кои ќе учествуваат други од застапените автори

ДПМ НА „ПРЛИЧЕВИ БЕСЕДИ“ ВО ОХРИД

На 6.2.2026 г. во Охрид беше одржана традиционалната манифестација „Прличеви беседи“, со што се одбележаа 133 години од заминувањето на Григор Прличев, еден од нашите најголеми преродбенци. Како учесник на настаните на 6 февруари, претседателот Живко Гроздановски одржа беседа за некои аспекти од делото на Прличев, по што положи и букет свежо цвеќе пред бистата на великанот.


ВРАЧУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ГОДИШНИ НАГРАДИ НА ДПМ ЗА 2025 ГОДИНА

На 13 февруари 2026 година во свечената сала се одржа одбележување на 79 годишнината од основањето на ДПМ. По тој повод беа врачени традиционалните годишни награди за 2025 година, и тоа:

наградата „Стале Попов“ (за романот „Три Марии“, во издание на „Арс Ламина“), за најдобра прозна книга објавена во 2025 г. ја доби Оливера Ќорвезироска; наградата „Ацо Шопов“ (за стихозбирката „Вообразби (лирски етиди за некој друг свет“, во издание на „Макавеј“), за најдобра збирка песни во 2025 г. ја прими поет от Бранко Цветкоски; наградата „Ванчо Николески“ (за романот за деца „Илина и тајните на Бабин Заб“, во издание на „Или-или“) за најдобра книга за деца и млади во 2025 г. ја прими Хана Корнети; наградата „Димитар Митрев“ (за книжевно-критичкото дело „Книжевни созвучја и огледала“, во издание на „Сивејан“), за најдобра книга критика и есеистика во 2025 г. ја доби Елизабета Шелева, а наградата „Мост“ (за збирката песни „Инфинитивна поука“, самиздат) за најдобра книга објавена во 2025 г. на некој од јазиците што ги зборуваат заедниците во Р. Македонија ја прими Ахмет Селмани.

„ДА СЕ ПРЕСЕЧЕ ЈАЗОЛОТ“

УДК 792..09(497.711)(049.3)



Приказната во „Гидеоновиот јазол“, претстава од репертоарот на Драмскиот театар во Скопје, се отвора бавно и мачно. Темите со кои се зафаќа оваа претстава се повеќе, но само две (различни, но и меѓусебно поврзани) остануваат да свечат како аларм во гледачот: 1) врсничкото насилство и 2) застрашувачкото, ужасно прашање за компетентноста (поточно за игнорантноста) на учителите и наставниците. Претставата во целост се потпира на глумата на два лика (учителката и мајката), кои би требало да ја одржуваат напнатоста што ја наметнува главниот конфликт, односно несреќата која е причина за целата драма. Пред почетокот на претставата, на пат до малата сцена, публиката е поведена низ пасаж во кој група ученици оставаат впечаток дека се на наставен час – и на тој начин гледачите спонтано се внесуваат во сетингот на приказната.

На исто толку ненаметлив начин се отвораат и бројни другите теми во претставата, а деталите се она што ја влечат приказната постојано нанапред. Кога ќе се откријат мотивите за главниот конфликт во приказната, гледачите остануваат со низа прашања во себе: „Активни ли се психолозите во нашите училишта?“, „Зборуваат ли родителите со своите деца?“, „Дали помалку игнорантни учители би значело и помалку насилство и смртоносни забулуди?“, „Дали треба да има строго тестирање, или некаква специјална подготовка за тоа, или во најмала рака проверка на емоционална писменост?“. Пред сè учителите се оние што би требало да ја гледаат „Гидеоновиот јазол“, оваа трогателна претстава со оправдано и силно морничав наслов.

Автор: Џона Адамс. Режија: Драгана Милошевски -Попова. Улоги: Ања Митиќ, Биљана Драгиќевиќ-Пројковска. Драматург: Викторија Рангелова-Петровска. Инспициент: Гоце Бојчев. Суфлер: Жаклина Цветковска.

ЗАПОЗНАЈТЕ ЈА ЛОРЕТ!

УДК 792..09(497.711)(049.3)



Темата на претставата „Која е Лорет“, која се игра во Театарот за деца и младинци во Скопје е прашањето на инклузијата, односно она што би требало да ни биде секојдневие: спонтаниот, радосен соживот со децата со атипичен развој, во образованието и во средината во која живееме. Се работи за девојчето по име Лорет, кое живее во семејство со постар брат и помала сестра. Атипичноста на Лорет се состои во нејзиниот даунов синдром, кој ѝ носи предизвици во комуникацијата со средината, пред сè со училиштето, но исто така и со членови од семејството. Куклената претстава на креативен и топол начин ја поттикнува свеста дека некои лица комуницираат на јазици што не се разбирливи за голем дел од луѓето што секојдневно ги среќаваме, но тоа не значи дека тие јазици се помалку важни од јазиците на доминантната категорија припадници на нашата општествена сфера. Приказната е внимателно подготвена и го одржува вниманието и на децата и на возрасните. Ликот на играчката-коњ и на куклата Лорет, по принципот миз-ан-абим градат еден засебен, трогателно топол свет. Соновидноста на тој свет е во остар контраст со на мигови бруталната реалност, во која нормативе се плашат од различноста и се трудат да го одржуваат статус -квото на еден совршено предвидлив свет.

Една од актерките во оваа претстава на Театарот за деца и младинци е лице со атипичност, и тоа ја прави оваа претстава особено важна: јас се надевам дека оваа претстава поттикнува дискусии за реална, ефективна и во крајна линија самоодржлива вклученост на лицата со атипичност во работата на институциите. Предлагам претставата „Која е Лорет“ да биде задолжителна: не само за учениците и родителите, туку и за учителите и за сите педагози од сите основни училишта во земјата. Од театарот известуваат дека учениците од основните училишта во Скопје организирано се носат на претставата. Да се надеваме дека се работи на изнаоѓање начин оваа претстава да биде достапна и за учениците, учителите и родителите и од другите градови.

Автор: Флоренс Кадије. Режија: Драгана Милошевски -Попова. Улоги: Ана Лазаревиќ-Бошков, Мики Анчевски, Винета Дамческа Мојаноска, Петар Стојанов, Анастасија Ласовска, Вања Стојановиќ. Драматизација: Милена Деполо. Сценографија и костимографија: Ирина Сомборац. Композитор: Сашко Костов. Асистент: Драгана Таневски.



Промоција во НУБ, 1982 г.



Промоција на „Поетиката на Ацо Шопов“, НУБ, 1987



Настан во НУБ, 1989 г.



Петре М. Андреевски, награда „Стале Попов“, 1991 г.



Петре М. А., родителите и бабата Велика.



Славко Јаневски и други автори на настан во НУБ, 1987 г.










Доделување на годишните награди на ДПМ за 2025 година и одбележување 79 години од основањето на Друштвото на писателите на Македонија.
Фотографии од Наќе Батев од 13.2.2026.

ВРЕМЕПЛОВ

Премиера на „Крвава македонска свадба“ на сцената на Прилепскиот театар (03.11.1965 г.)

Уметнички издржана и спектакуларна престава

Најпознатата драма на Војдан Чернодрински, пионерот на професионалната театарска дејност во Македонија, „Крвава македонска свадба“, оваа сезона како да го свртува вниманието на повеќе наши театарски куќи. Пред извесно време таа беше поставена во Штип, моментно се подготвува во Скопскиот а овие денови нејзината премиера беше дадена и на сцената на Прилепскиот народен театар.

Веднаш да кажеме дека оваа драма за патилата на македонскиот човек под турското ропство наиде на вонредно добар прием кај прилепската публика. За ова, секако, најмногу придонесе сугестивниот текст на Чернодрински, кој една доживеана случка со искуството на театарски човек успеал драматуршки да ја претвори во национална драма за едно време. Токму затоа „Крвава македонска свадба“ е блиска до нашиот човек и е негова историја. За успехот голем придонес имаше режијата на Благоја Дамески и играта на уметничкиот ансамбл во целина.

Се интересиравме како е примена изведбата на „Крвава македонска свадба“ од публиката. Еве неколку мислења:

Киро Костоски, шофер: Од претставата сум многу задоволен. Видов неколку луѓе со солзи во очите. Тоа е доволно за да се констатира колку артистите не убедиле со текстот. Ми се допадна Благоја Алексоски, како Осман-бег и Методија Петковски, како Селим-Оџа.

Никола Оџаклиоски, службеник: Изведбата на пиесата е добро примена од публиката. Меѓутоа, мислам дека режијата требаше да изнајде некакво решение неколку артисти да не се појавуваат во повеќе улоги. Тоа им сметаше на гледачите. За мене најдобро остварена улога беше Валијата на Кирил Жежоски.

Томислав Шапчевски, професор: Гледавме просечна претстава која сепак ги задоволува потребите на публиката. Изборот на „Крвава македонска свадба“ е добар. Таа не потсетува на нашата историја. Можеа да се забележат повеќе пропусти, но тие, главно, не го менуваат мислењето за нејзиниот просек. Осман-бег Благоја Алексоски, можеше да биде поискристализиран. Според мое мислење најдобри улоги остварија Методија Петковски, како Селим-Оџа и Захарица Вртановска, како Цвета.

Михајло Михајловски, управник на Театарот: „Крвава македонска свадба“ е интересна и возбудлива за современиот човек од повеќе аспекти: со својот трагизам — потресува, со драматургијата е спектакуларна а со фолклорот — создава атмосфера на македонскиот бит. Поседува жива галерија од ликови. Режијата беше верна на авторовата порака од секоја реплика и придонесе по гледањето на претставата да се чувствуваме оплеменети. Драмското дејствие е кондензирано во еден ритам што произлегува од внатрешните судири на личностите. На овој начин е постигнато некогашната македонска трагедија да ја чувствуваме и денес така полно, како сами да сме ја доживеале. Артистичката реализација беше успешно вклопена во режисерската концепција. Видовме неколку успешни трансформации (Кирил Жежоски во две улоги: Дедо Трајан и Валијата, а Методија Петковски во три: Селим-Оџа, Прв жетвар и кумот Мојсо). Сценографското обликување на Александар Ристевски и живописната македонската народна носија беа вонредно добри придружници на драмските збиднувања.

Стеван Василевски, сликар: Сценографијата беше многу добро решена. Таа го дочара контрастот на амбиентите во интериерите, со исклучок на вториот чин (жетвата), каде по мое мислење, пејсажот требаше да биде побогато решен.

Г. Напески

Издавач:
Друштво на писателите на Македонија

За издавачот:
Живко Гроздановски
(претседател на ДПМ)

Редакција:
Марина Мијаковска (главен и одговорен уредник)
Лилјана Пандева (лектор)
Делвина Крлуку
Стефан Марковски

Корица:
Берт Стајн

Дизајн:
Бранко Прља

Ул. Максим Горки бр.18, 1000 Скопје, РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

Печати: Датапонс

Тираж: 200

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Со решение бр.02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура на РСМ.

Ставовите во објавените текстови се исклучиво ставови на авторите.

На барање на поетите, дел од песните објавени во ревијата не се лекторирани.